**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 октомври 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа со 111-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Иван Стоилковиќ, Емилија Костадинова, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓоргиев, Петар Апостолов, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Лилјана Поповска, Каме Петров, Стојан Андов, Соња Лептикова, Али Ахмети, Теута Арифи, Тито Петковски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Љупчо Балковски, Никола Груевски, Петар Наумовски и Сашко Кедев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме по 13-та точка-Предлог за донесување на закон за полиција**

Има збор пратеникот Наташа Биковска.

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Во тек е расправата по Предлогот за донесување на закон и на самиот почеток од мојата дискусија нема да изоставам да кажам дека веќе востановена пракса е Министерството за внатрешни работи да ни доставува нови законски проекти, односно решенија со исклучителен квалитет за исклучително суптилни материи и области, кои со право ги носат во себе сите позитивни атрибути за квалитетни законски решенија во кои се вградени европските стандарди, базирани врз демократски принципи и кои гарантираат заштита на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Околу потребата ќе кажам сосема накратко.

Согледувајќи ги сите промени и последици од процесите именувани како транзиција, со кои се соочува нашата држава, регионот и пошироко, особено во делот на криминалитето, основната задача и зацртана цел на Република Македонија е да воспостави соодветна и цврста безбедносна структура која сама по себе ќе биде главен предуслов за заштита, почитување, но исто така во безбедни услови на живеење и унапредување на основните човекови права и слободи.

Од друга страна, сите сме свесни дека за евроатлантските интеграции ни е потребен современ модел на полициска организација. Во новиот законски концепт се апсолвирани досегашните наши искуства, но се искористени и компаративни искуства од повеќе земји, каде регулирањето на полициските работи е остварено со посебен закон за полиција. Всушност, со законот за полиција се врши унапредување на решенијата во оваа сфера предвидени со Законот за внатрешни работи, затоа што новите демократски процеси во државата, особено процесот на децентрализацијата бараат редифинирање на надлежностите на Министерството за внатрешни работи, но и соодветно поместување на нивното тежиште токму во насока на градење на новиот модел на полициска организација, бидејќи и моите и забелешките кои произлегоа од консултациите со професионалци во безбедносната структура детално и конкретно ги изнесов на Комисијата за одбрана и безбедност и истите се надевам дека ќе бидат разгледа и вградени во финалната верзија на законот, јас би сакал сега да го истакнам само накратко она што не го презентирав пред Комисијата и краток коментар за моите две до три генерални забелешки по Предлогот.

Прво, сметам дека за секое раководно место што е предлог на уредување со овој закон треба да биде предвиден посебен член за неговиот статус, а во Предлогот за донесување на оваа материја наоѓа место како последен став во соодветните членови. И понатаму во членовите каде се предвидени критериумите за соодветните назначувања и каде стојат годините на работно искуство и годините на раководно место сметам дека треба да бидат прецизирани на кои раководни места се мисли.

Како второ, мое согледување е дека предлагачот треба особено внимание да посвети на допрецизирање на хиерархиската поставеност во полицијата, особено во делот кој пред кого одговара за својата работа и постигнатите резултати, колку пати и до кого ги доставува своите извештаи и кој го дава мислењето за оценка на неговата работа и овде мислам конкретно на предвидените раководители со овој Предлог за донесување закон.

Како трето, со оглед на новите звања на полициските службеници кои очигледно произлегуваат и се врзани со работното место, дали тоа значи дека оние професионалци кои имаат капацитет за докажување, постигнување врвни резултати со желба за надградување и доедуцирање, па се разбира и со годините на работно искуство би останале на работното место каде што се поставени.

Дали можеби со подзаконски акти ќе се предвиди или некакво стимулирање или унапредување на овие квалитетни кадри во полицијата, затоа што сметам дека тоа е дополнителен ммотив за нивно истакнување и докажување.

Како четврто, моја резерва е во членот 100. Можеби компаративните искуства говорат поинаку или Европската Унија-стандардите, но во овој момент и во наши специфики и прилики сметам дека треба да допуштиме да дојде до израз професионализацијата на полицијата, а со

својата содржина и во иднина неговата имплементација, законот со право можеме да кажеме дека е демократски и ќе биде демократски и соодветната преформулација на членот 100, каде што мислам дека треба да стои: полицискиот службеник со учество во политички активности не смее да го доведе во прашање вршењето на полициските работи. Со оглед на тоа што Министерството за внатрешни работи најдобро знае со каква инфраструктура располага Управата во Кочани и го следи досегашното работење и со оглед на тоа дека би имала како сектор најголемо подрачје на делување, како пратеник од овој регион имам обврска да укажам дека Кочани заслужува да биде сектор за внатрешни работи.

Во суштина се што изнесов и на Комисијата и сега е во насока на поддршка на зацртаниот концепт, а со тоа и за допрецизирање и придонесување за квалитетен законски текст. Како и досега сметам дека предлагачот ќе ги разгледа моите забелешки, кои што ќе најдат свое место и се разбира заеднички ќе постигнеме најквалитетна финална верзија на законот. Овој проектиран нов законски концепт ја има мојата поддршка и иако е во редовна процедура заслужува и треба да се донесе час поскоро. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Јашари Аднан, но тој не е тука.

Пратеникот Вејсели Абдулати не е тука.

Пратеникот Хисни Шакири не е тука.

Има збор пратеникот Силвана Бонева. Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе,

Сосема накратко ќе се осврнам и јас на Предлогот за донесување закон за полиција.

Во текот на комисиските расправи, на седницата на Комисијата за политички систем дадов поголем број забелешки. Сега ќе се осврнам на оние кои не ги кажав и на оние кои што сметам дека се од суштествено значење за да се подобри текстот на законот и се надевам дека во наредната фаза многу од овие заблешки на кои обрнуваме внимание ќе се најдат во предлогот на законот.

Најпрво, при анализата на овој Предлог за донесување на закон за полиција, првата забелешка би можела да се лоцира во причините поради кои треба да се донесе овој закон. Имено, во овој дел од законот се наведени прпроцесите именувани како транзиција кои како што пишува таму доведуваат до промени во областа на етимологијата и феноменологијата на криминалитетот. Во набројувањето кое натаму следува на овие нови форми на криминалитет како да се избегнува да се спомене појавата на тероризмот како нова и асиметрична закана која што се одликува со висок степен на инкриминираност. Тероризмот не е криминал од класичен тип, туку тој во исто време е инкриминирано дејствие кое во себе содржи и значителен дел на политички елементи. Ваквата појава никаде не е наведена во причините поради кои треба да се донесе овој закон и никаде не е наведен овој облик на загрозување на државата, на животот на луѓето, имото. Ова значи дека треба да се отвори и една тема во која Владата и полицијата треба да кажат децидно во законот дека задачата на полицијата, а тука и на државната безбедност, односно разузнавањето и контраразузнавањето, како прва е борбата против подривањето на уставниот и државниот поредок, а како второ борбата против тероризмот. Понатаму, може да се набројуваат останатите категории кои се наведени во законот, односно во причините поради кои треба да се донесе овој закон. Образложението заради кое овие категории треба да бидат наведени во причините за донесување на законот, но и во самиот закон е фактот дека на тој начин се создава база, односно основа од која ќе произлезе потреба да се легитимира или правно да се оправда создавање на еден сегмент во Министерството за внатрешни работи. Тој сегмент е антитерористичкиот столб и посебните единици кои треба да се справуваат со оваа појава. Прашањето околу овие посебни полициски единици не е стриктно дефинирано и во самиот текст на законот. Значи, кога се зборува за функциите и задачите на Министерството за внатрешни работи треба да се наведе дека тоа е откривањето на криминал кој е од нов вид поради фактот дека тој е транснационален, поради тоа што има елементи на насилство, по тоа што се јавуваат форми на организиран криминал, меѓутоа, треба да се наведе и фактот дека во сите тие појави постои криминал кој во себе има и класична политичка природа кој што се нарекува тероризам и кој што е една од примарните задачи на Министерството за внатрешни работи. Доколку биде наведено во законот, на тоа Министерство ќе му биде дадена основа легални и легитимно да формира антитеростички полк во облик на посебна организациона единица, во облик на посебни единици на кои ќе им биде нормирано местото, улогата, начинот на употреба итн. Сето ова не е наведено никаде во законот. Никаде во законскиот систем во Република Македонија нема изречно дефинирано чија е задачата на борбата против тероризмот, тогашкога тој ќе се појави, било да е тој индивидуален или групен тероризам и како таков го загрозува имотот и животот на граѓаните, како и институциите на системот. Постои закон за ракување со кризи, но во него само е наведено дека Армијата пристапува во помош на Министерството за внатрешни работи кога Министерството за внатрешни работи ќе се спротивстави на соодветни облици на опасност, а парадоксот се состои во тоа што во законот кој би требало да биде основен за функционирањето на Министерството за внатрешни работи треба да се наведени, а не се наведени овие дефиниции и организациони структури кои ќе произлезат од тоа.

Инаку, дефинициите за тероризам се сосема прецизно наведени и дефинирани во Меѓународното право и истите може да се консултираат при изработката на законот во следната фаза. Предложена дефиниција би можела да биде: заштита од тероризмот како облик на насилен криминал од масовен тип. Во законот изостанува една ваква дефиниција во време кога тероризмот како појава добива се поголем замав и кога опасноста Република Македонија да се соочи со него е реална и потенцијална. Само да се потсетиме дека нашата земја е учесник и во антитерористичката коалиција.

Понатаму, втората дефиниција која би требало да сес надоврзе во ваквото набројување би можела да гласи: полицијата се грижи за заштита на уставниот поредок и државата од асиметрични закани и криминал. Во оваа категорија на појави би влегувала шпионажата, нападите на органите, носителите на власта итн.

Понатаму, исто така во причините поради кои треба да се донесе овој закон постои уште една спорна категорија. Имено, наведено е на страница 2 од Предлогот за донесување на закон за полиција дека Министерството за внатрешни работи ќе работи согласно стратешките цели насочени кон ефикасно полициско работење, организираност, стручност и економичност во работата, одговорност и мотивираност на вработените, планирање, развој за едукација на персоналот со особен акцент на полициската функција, како и сервис за јавноста, а имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија. Нашиот Устав не го содржи поимот "Сите заедници", туку би требало да стои "Заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија ", значи изрично одредбите кои што ги содржи Уставот да се пресликаат во законот. Инаку, онака како што е дадено "граѓаните кои припаѓаат на сите заедници" воопшто ништо не кажува и не е во корелација со Уставот на Република Македонија.

Понатаму, ќе се осврнам на секој од членовите од Законот за полиција кои би требало да се допрецизираат. Најпрво членот 4, во кој што се зборува дека Министерство заради создавање услови за работа на полиција ги урврдува кадровските и образовни потреби, донесува развојно организациони и други основни насоки за работа, донесува планови за користење на материјално финансиските средства, планови за изградба и користење на информациски системи и во точка 5 во ставот вели "донесува и спроведува планови за изградба и користење на радио комуникациски и телекомуникациски систем".На Комисијата не добивме образложение Министерството за внатрешни работи под оваа формулација на членот 4 став 1, точка 5, дали мисли да прави сопствен комуникациски и телекомуникациски систем, за што ќе го користи ваквиот систем. Онака како што е дадена оваа формулација остава простор за основано сомнение дека формирањето на еден ваков сопствен комуникациски и телекомуникациски систем можно е да се злоупотребува и да се користи онака како што не треба, ако не постои никакво дообразложение зошто треба да се користи ваков систем, а ако сакаме да се спречи злоупотребата и повредата на основните човекови права, вклучувајќи го тука и правото на тајност на комуникациите на сите граѓани, загарантирано со Уставот на Република Македонија, за да се спречи неовластеното прислушкување, сметам дека треба многу сериозно да се редефинира оваа точка од членот 4 и ако воопшто е потребно за дејанијата на Министерството за внатрешни работи за откривање на разни криминални дејанија на одредени личности ваков комуникациски и телекомуникациски систем за следење на тие личности, тогаш треба таквите планови да бидат во согласност и да се користат во согласност со Закнот за следење на комуникациите. Веќе во изработка е законот за следење на комуникациите, овој закон за полиција што сега го донесуваме верувам ќе трае повеќе години и тука треба да се направи корелација меѓу законот за следење на комуникациите за да се знае во кој случај, на кој начин и кој може, врз основа на што, дали на судска одлука или што е наведено во Законот за следење на комуникациите, да биде ограничена можноста за злоупотреба на ваквиот комуникациски и телекомуникациски систем или да ни се објасни во самиот член став 5 стриктно да се наведе во кој случај ќе се користи ваков комуникациски и телекомуникациски систем.

Понатаму, член 5, во членот 5 се наведени полициските работи односно функциите на полицијата и како функција овде не е наведена заштитата на уставниот поредок на Република Македонија.

Заштитата на уставниот поредок е наведена во основните начела на кои треба да се заснова овој закон, а не е наведена во полициските функции.

Во членот 6 и во членот 11 потребно е усогласување со Законот за територијална организација и Законот за градот Скопје. Ние како опозиција во текот на носењето на Законот укажавме неколку пати дека формулацијата и општините во градот Скопје и градот Скопје дека не треба да се оптоварува законскиот текст, треба да стои токму така како што вие го имате дадено општините и градот Скопје, бидејќи под општините се подразбира сите општини во Република Македонија, но во овие закони остана тоа решение да се спомнуваат општините, општините на градот Скопје и градот Скопје.

Тука да се направи едно усогласување со законите кои во моментот ги имаме во Република Македонија во однос на дефинирањето на општините.

Понатаму во членот 7 се вели дека полицијата укажува помош, асистенција за спроведување на извршна судска одлука доколку при спроведувањето на извршувњето се наиде на

физички отпор или таков отпор може оправдано да се очекува. Во ставот 3 началникот на Секторот за внатрешни работи одлучува за начинот на давање на помош и за тоа на време го известува подносителот на барањето.

Овде е неопходно потребно да се дефинира рок, во кој рок го известува подносителот на барањето односно судот за давање на асистенција се со цел овој рок да не биде безконечен и да се оневозможи извршувањето на судската одлука.

Понатаму во членот 10 се вели дека полицијата ја известува јавноста за прашања од нејзина надлежност. Ставот 2 вели на граѓаните, јавните претпријатија и другите правни лица и на државните органи полицијата им дава информации, податоци, известувања за прашања од својот делокруг за кои тие се непосредно заинтересирани. Тука се испуштени советите на општините, бидејќи советите на општините се исто така заинтересирани да бидат информирани од страна на полицијата за сите прашања од делокругот на полицијата кој ги тангира советите на општините. Тоа решение впрочем е во согласност со одредбите на потпишаниот Охридски договор.

Член 11 став 3 зборува дека заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата треба да се формираат совети, комисии и координативни тела со цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето градење доверба и партнерски односи во превенирање на појавите кои влијаат на безбедноста.

Во членот 11 неопходно е потребно да се каже начинот на формирање на советите на општините и на комисиите и координативните тела, бидејќи вака како што се дадени ќе останат декларативна заложба, а нема да вроди плод и нема да знаат како да се направи за да можат да се формираат вакви совети, комисии, координативни тела и не би требало да се остави празен простор за да не се знае како да се направат овие совети, комисии и координативни тела и овде треба да се дефинира начинот на нивно формирање.

Понатаму во членот 15 став 2 се вели дека се формираат централни полициски служби кои се надлежни за вршење на работите од областа на организираниот криминал, криминалистичката техника и посебните единици на полицијата.

Овде треба да се моделира ставот 2 каде се наведени функциите на централните полициски служби и по зборовите "организиран криминал" неопходно е потребно да се додадат следните функции, значи организираниот криминал од областа на масовниот насилен криминал, спречување на тероризмот наместо посебните единици на полицијата би требало во најмала рака да стои обука, раководење и командување со посебни единици на полицијата. Значи, централните полициски служби се надлежни и за обуката, раководењето и командувањето со посебните единици на полицијата во исто време се надлежни и за масовниот насилен криминал и спречувањето на тероризмот.

Во истиот член во ставот 4 се вели дека за началник на централните полициски служби може да биде назначено лице кое, покрај општите услови, ги исполнува и следните посебни услови да има завршено високо образование, да има работно искуство во полицијата од најмалку 12 години од кои 6 на раководно работно место и овде треба да се додаде став 3 точка 3, да има специјалистичка или посебна едукација, подготовка и искуство за вршење на работите од став 2 на овој член.

Понатаму членовите 17, 20 и 22 каде се дадени секторите за внатрешни работи, кажано е дека секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривични дела и прекршоци, како и значењето на патните правци, географската положба, па од тие причини сметам дека е неопходно потребно токму од тие критериуми да има и сектор за внатрешни работи во Прилеп, бидејќи овде е ставено под Секторот за внатрешни работи Битола. Преголемо е подрачјето, опфатот на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривични дела и прекршоци, па и значењето на патните правци, географската положба за да имаме еден сектор за внатрешни работи под Секторот за внатрешни работи Битола да биде и Прилеп.

Во исто време сакам да спомнам во членот 20 има направено пропус, неопходно е потребно да има полициска станица во Пехчево да се додаде во Предлог-законот.

Понатаму членот 22 вели дека командирот на полициската станица редовно ги информира и на барање на советот на засегнатата општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедност во сообраќајот на патиштата. Со тоа што е кажано дека командирот на полициската станица редовно ќе ги информира засегнатите општини за работите што се однесуваат на јавната безбедност, ова редовно информирано како што е кажано не е доволно за да се знае што значи редовно информирање, не е регулиран начинот на тоа редовно информирање, бидејќи за некој командир на полициска станица редовно информирање може да биде на шест месеци, по негово видување. За советите на општините редовно информирање може да биде месечно, значи овде мора да се каже да биде регулиран начинот на редовно информирање, постапката, временскиот интервал инаку мислам ваквата одредба ќе биде само декларативна.

Понатаму членот 29 зборува дека полицискиот службеник во униформа при примена на полициските овластувања е должен да се легитимира на барање на граѓанинот. Последните два збора дека полицискиот службеник во униформа при примена на

полициските овластувања дека е должен да се легитимира само на барање на граѓанинот треба да се избрише, туку да стои дека полицискиот службеник е должен да се легитимира при примена на полициските овластувања. Ние сме имале случаи како пратеници лично на недолично однесување на некои од полициските службеници кога не запираат, кога не легитимираат или бараат нешто и на наше инсистирање да се легитимираат некои од нив не се легитимираат, а камо ли на барање на граѓаните некој од нив да се легитимира.

Значи, изрично да стои дека е должен полицискиот службеник да се легитимира за да знаат граѓаните со кого имаат работа, на кој можат да се поплачат, за која личност инаку останува на тоа место, во тоа време не застана тој и тој, а не знаеме кој е тој што не застанал и што се однесувал онака како што не треба.

Заради тоа сметам дека е неопходно потребно да се бришат овие зборови "на барање на граѓанинот" дека треба односно должен е да се легитимира.

Понатаму членот 32 вели полициските овластувања полицискиот службеник ги применува на лична одлука по наредба на раководен полициски службеник, надлежен суд или јавно обвинителство.

Гледајќи ги полициските овластувања дадени во членот 25, а тоа е проверка и утврдување на идентитет на лице и предмети, повикување, приведување, задржување, потрага по лица и предмети, сопирање, преглед или пртрес на лица, багаж, превозни средства и тн., значи огронни полициски овластувања се оставаат да бидат применувани и по лична одлука на полицискиот службеник. Тоа се преголеми овластувања акумулирани во рацете на едно лице и неопходно е потребно да се селектира кои полициски овластувања полицискиот службеник ги применува по лична одлука се со цел да не бидат злоупотребувани полициските овластувања од страна на полициските службеници по негова лична проценка.

Понатаму членот 39 став 3 се вели дека повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и само тогаш кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана во која било предупредено на можноста од присилно доведување и тогаш кога своето недоаѓање нема да го оправда.

Овде очигледното одбегнување да се јави на уредно доставена покана, не знам кој го цени и што значи тоа очигледно одбегнување, произлегува дека полицијата може да го повика лицето на разговор, лицето да не дојде и полицијата да го приведе присилно. Присилното приведвуање на граѓаните на разговор може да се врши само со судска одлука. Тоа треба да биде претставено на јасен начин за да не постои можност за кршење на правата и слободите на граѓаните. Затоа во овој член 39 став 3 после зборовите дека се доставува покана во која лицето било предупредено на можноста од присилно доведување треба да се додадат и зборовите односно тогаш кога врз основа на судска наредба или судска одлука повиканото лице не го оправдало своето недоаѓање за да биде многу појасно во кој случај може да се примени присилно доведување. Значи, само тогаш кога повиканото лице со судска одлука не го оправдало своето недоаѓање.

Понатаму во членот 40 став 2 се вели дека лицето кое се наоѓа дома може да се повика во време од 06,00 до 22,00 часот и ставот 2 ако постои опасност од одлагање полицискиот службеник е овластен да го повика лицето и надвор од времето пропишано во ставот 1 од овој член.

Од тие причини предлагам ако постои опасност од одлагање да се замени ако постои опасност од предизвикување на штета. Значи, само во тој случај лицето кое не се наоѓа дома може да се повика и после 22,00 часот ако постои опасност од предизвикување на некоја штета, за да може да се оправда ваквото реагирање после 22,00 часот.

Понатаму, членот 58 регулира стопирање, легитимирање, преглед и претрес на лица на превозни средства и багаж кога постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ. Сметам дека и овде е неопходно потребно да не се остави на полицискиот службеник тој да цени да ги преземе сите овие дејанија што се наведени овде како стопирање, легитимирање, претрес. Сето тоа е потребно заради изнаоѓање на предмети погодни за напад, самоповредување или кога постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривично дело или предмети да не се остави повторно на лична оценка на полицискиот службеник без поконкретни насоки, бидејќи вака како што е кажано повторно може да се злоупотребува и врз основа на оценка на полицискиот службеник тој може да оцени дури и нас пратениците како што ни се случуваше до сега цел багажник да ни истоварат на улица, а не кажуваат кое е тоа основано сомнение и што е тоа што сме направиле, па се однесуваат така како што се однесуваат.

Неопходно е потребно и овде да се прецизира и да се стесни просторот за злоупотреба.

Понатаму членот 62 зборува за тоа дека полицијата може да ја има на јавни места, ставот 3 дека намерата за спроведување на снимање на јавни места и собири пред започнување со активноста полицијата може јавно да ја соопшти.

Сметам дека овде зборот "може" треба да се замени со обврзувачки збор како должна или како ќе се оцени во натамошната фаза на разгледување, меѓутоа, полицијата е должна јавно да ја соопшти ваквата намера.

Во истиот член во ставот 4 би требало да се дополни со дополнителен текст во кој се вели во однос на таквите чекори полицијата го известува

Јавниот обвинител со цел тој да изврши контрола дали е навистина така направено.

Во ставот 4 се зборува за тоа дека снимениот материјал се чува во полицијата шест месеци по што материјалот се уништува освен материјалот што претставува доказ по кривична или прекршочна постапка со кој се постапува согласно со Законот.

Токму од овие причини е неопходно да биде известен и јавниот обвинител и тој да се изврши контрола дали така е направено.

Во членот 68 се вели дека податоци за бројот на извршени кривични дела или прекршочни дела бројот на пријавени сторители или оштетени лица, како и останати кривични податоци можат да се користат за статистички и аналитички цели во министерството.

Понатамум, во ставот 2 се вели дека податоци од ставот 1 на овој член можат да се дадат на користење на надлежни, стручни и научни институции заради научна истражувачка работа, меѓутоа овде никаде не е кажано дека овие податоци треба да биде на јавноста согласно Законот за пристап до информации. Овде треба јасно да биде тоа наведено, бидејќи можеби и мидиумите, можеби и невладени организации и други да бидат заинтересирани за овие податоци кои што се даваат на надлежните стручни и научни институции заради научно истражувачка работе и кои се однесуваат на број на пријавени сторители и оштетени лица, на број на кривични дела, кривични прекршоци. Значи, овде неопходно е потребно да има тренспарентност и да се воспостави врска со Законот за пристап до информациите.

Во членот 76, став 3 се зборува дека основаноста, оправданоста и правосилноста на употребата на огнено оружје и употреба на средства кога е предизвикана тешка телесна повреда, или настапи смрт на некое лице, и кога средството за присила е употребено за повеќе лица ги оценува организационата единица на Министерството надлежно за вршење внатрешна контрола која ги разгледува околностите под кои е применето средството за присила и поднесување извештај со мислење за оснванст и оправданост и правосилноста на употреба на сретствата за присилба што го доставува министерот.

Овде треба да се додаде на крајот на реченицата "и до Јавниот обвинител", комисијата за внатрешна контрола која го испитува случајот покрај "до министерот", да биде доставен до "Јавниот обвинител".

Во ставот 3 од овој член би требало да се дополни, или пак да се додаде нов став кој би гласал: "Јавниот обвинител доколку заклучил така што може да изврши увид во документите и распит на вработените во министерството, како и други лица заради утврдување на фактите".

Ова е заради тоа што за ваков случај не би требало да се одговорни во министерството и само тие да даваат оценка и да кажат на пример дека таквото дејствие е во рамките на Законот. Затоа задолжително покрај оценката која што ќе ја даде министерот од извештајот на внатрешната контрола истиот извештај неопходно е потребен да се даде и до Јавниот обвинител, а тој има право понатаму да врши увид во фактите, во распит на лицата и на тој начин тој да го има крајниот збор дали да покрене или да не покрене кривична пријава. Не смее да се дозволи министерот да ја има ваквата оценка во крајни случаи и се да биде препуштено само на приватна тужба. Тоа се генерално позначајните забелешки на законот.

Сите други забелешки кои што беа дадени и за употребата на хемиските сретства од членот 83, кој го цитирав за кои хемиски средства и понатаму за членот 99, на Комисијата беше искажано несогласувањето дека полицискиот службеник може да извршува самостојни или дополнителна или професионална или дополнителна дејност по предходна согласност од министерот, да не стои оваа Одредба која беше начелно мое размислување прифатено од повеќето членови на Комисијата, тоа се генералните забелешки за кои сметам дека ќе најдат свое место во наредниот текст на законот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Драго Шајноски. Повелете господине Шајнски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Постоечката законска регулатива во чии рамки денеска делува позицијата остваруваjќи ги своите општествени функции е претесна, исцрпена и анахрона и не ги задоволува новите стандарди за работа на полицијата. Во нашето општествто се случија многу промени во сите свери на животот така што овие законски рамки се претворија во опструкции за ефикасно извршуање на полициските работи во државата. Заради тоа сметам дека потребата од нов закон за полиција е неспорна и верувам дека сите со тоа ќе се согласиме.

Друго прашање е колку пишувачот на законот ќе успее да напише закон кој што ќе ги опфати сите нови ситуации кои што егзистираат денес и ќе предвиди идни.

Што е уште поважно, најголем проблем е како ќе успее да обезбеди спроведување на напишаните закони . Тоа е она што постојано го мачи овој народ и секогаш не прави неуспешни на крајот и покрај добрите, а не ретко еуфорични почетоци. Ваквиот поразителен однос кон нештата смета дека се должи на три факти.

Прво, немање целосно изразено чуствот на државнст особеност на политичките структури;

Второ, целоно прифаќање на нештата што се должи на фактот дека се живее со навиката дека тоа што се носи е обврска нема да се однесува на нас, или пак ќе успееме да го заобиколиме, а

ако е нешто што се носи и има бенефит ќе биде за нас.

Трето, немање обмислина стратегија за нештата пред истите да започнат т.е. немање  систем за работа и оценка за резултатие и нивна навремена корекција.

Конкретно по текстот имам да продискутирам само неколку членови бидејќи голем дел од забелешките се обработени од пратениците што дискутираа досега.

Имам забелешка на членот 7 став 3 каде што се вели дека началникот на секторот за внатрешни работи одлучува за начиот на давање на помошта и затоа навреме го известува подносителот на барањето.

Сметам дека зборот "навреме" е релативен, необврзувачки и неконкретен, бидејќи во овој закон би требало да се избегнуваат вакви произволности и непрецизности. Наместо "навреме" треба да се стави точно кога.

Член 9 "министерот за внатрешни работи доставува писмен извештај за извршените полициски работи најмалку еднаш годишно". Зборот "најмалку" треба да се избрише, иако полицијата мисли дека треба да дава извештај еднаш годишно.

Јас би предложил тука да стои четири пати годишно, бидејќи она што се знае ако се напише на хартија е по впечатливо и полесно може да се презентира и пред себе и пред другите. Значи, извештаите да бидат почести и точно определени. На пример јас предлагам четири пати годишно. Факт поимите "најмалку", "најмногу" тоа се фрази кои овозможуваат манипулации. Всушност ваквите фрази нудат наизглед некое решение, а всушност преставуваат опструкција во праксата. Можност за опструкција, дали тоа е намерно или превид незнам. Значи наместо "најмалку еднаш годишно", да стои "четири пати годишно", точно да се дефинира.

Потоа во член 36 став 4 стои дека ако лицето одбива или не е во можност да даде податоци за себе или да го докаже идентитетот може да биде задржано за време потребно за утврдување на идентитетот, но подолго од 3 часа.

И овде сметам дека ако лицето одбива да се идентификува не е добро тоа да се пушти на улица, а не индетификувано во полиција. Значи, ако одбива и ако не е во можност да се индетификува тогаш треба да го однесеме некаде да му помогнеме, а ако одбива не треба д го пуштиме по три  часа без да го идентификуваме кој е. Поопасно е на улица да шета неидентификувано отколку да шета.

Во член 40 - повикување, тоа е по две повикувања во полиција лицето кое што е дома може да се повика за време од 6 до 22 часот. Ако постои можност од одлагање полицискиот службеник е овластен да го повика лицето и надвор од времето пропишано во став 1 на овој член.

Сметам дека полицијата секогаш ќе најде опревдување за вториот став и лично мислам дека треба да се избрише можноста да биде повикано во било кое време надвор од времето пропишано бидејќи се работи за повикување, а тоа повикување може да биде и за добивање на некои информации од човекот, или незнам какви информации, или ако на полицијата не и текнали од 6 до 22 часто дека  тој човек и треба за некоја информација да го повика не е коректно да се буди во 2 или 3 часот, да се повикува од полиција за добивање на некои информации од него. Значи работата не е толку итна како што е на пример во член 42 каде што се зборува приведување. Во приведување може да држи ако не се најде од 6 до 22 часот може и во друго време, но тоа е приведување, можеби се води постапка против него, а за повикување сметам дека не треба да стои можноста утврдена со ставот 1 од 6 до 22 часот да биде повикано.

Воглавно тоа се некои работи кои што не беа напомнати од други колсутанти и со тоа би завршил. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор господинот Рафис Алити.Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпретседател, почитувани пратеници, почитуван претставник на Министерство за внатрешни работи, паралментарната група на ДУИ и пратениците на оваа парламентарна група забелешките ги дадоа на комисиите на Собранието. Нашите забелешки биле во целост на забрзувањето на реформите, бидејќи со овој предлог за донесување на закон наша проценка е дека дел од реформите од полицијата не дека не се стимулираат, туку тие се оспоруваат.

Исто така и со Законот за внатрешни работи нема стратегија, што значи и со овој закон и со предходниот закон, ова министерство нема стратегија за правична и соодветна застапеност на припадниците на етничките заедници во командните органи на ова министерство. Значи, во школувањето и подготвувањето на овој закон кој навистина би било квалитативно.

Ние како Парламентарна група имаме многу забелешки во однос на овој предлог за донесување на закон и ние очекуваме од страна на Министерство за внатрешни работи нашите забелешки кои ги кажавме дека ќе се сватат сериозно, затоа што цениме дека реформите и во полицијата се во интерес не само на ова министерство туку и се во интерес на сите граѓани. Велиме реформи, бидејќи реформите ни треба да бидеме поблиски до стандардите кои ги имаат државите кои се членки на Европката унија, НАТО итн. Ние како земја имаме аспирации и се стремиме што побрзо да се интегрираме во овие две организации и мислам дека треба посебно место да најде овој Предлог на закон. Мислиме дека градејќи бариери и пречки така како што се изградиле во овој

Предлог на закон, градејќи критериум така како што се предлага со овој предлог на донесување на закон новиот кадар не дека нема да се види себе си, туку тој кадар за кој кажуваат дека е менаџерски управувачки кадар, кадар кој навистина заслужува да биде на раководни места, со овој Предлог на закон фактички се спречува во нивната кариера што побрзо да се унапредат и да работат во интерес на граѓаните и на државата. Мислам дека ова министерство треба да ги свати сериозно нашите забелешки и со искреност бидејќи неколку кои се предлагаат со овој Предлог за донесување на закон мислам дека не можат да се оправдаат и од самиот министер кои беше присутен во текот на расправата.

Јас ќе ви спомнам само регионите кои се поделен, кои ги спомена и пратеникот Абдулаки Адеми и би било пожелно некој од ова министерство да ни образложи зошто како центар се предвидува Охрид, а не Кичево, кој според сето тоа што се бара со овој закон ги исполнува сите услови.

Со цел да не ви одземам многу време јас ќе завршам со мојот говор со тоа дека ние очекуваме навистина Министерство за внатрешни работи да ни понуди Предлог на закон со сите укажани забелешки кои ние ги доставивме.

**Слободан Најдовски :** Благодарам. Има збор госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска**: Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

На самиот почеток сакам да кажам дека пред нас се наоѓа еден предлог за донесување на закон за полицијата кои што произлезе како обврска на потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки, а во согласност на тоа за изградба на еден нов современ модел на полициска организација согласно новите демократски процеси во државата базирани на принципите на владеењето на правото, а се со цел за заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Имено, морам да констатирам дека пред нас се наоѓа еден сериозно подготвен предлог кој што е доста квалитетно изработен и е во согласност со стратегишките документи за полицијата.

На Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците долго време се дискутираше по овој предлог за донесување за закон на полицијата и беа искажани одредени забелешки од голем број забелешки се со цел за подобрување на текстот со оглед дека се работи за еден многу значаен закон кој што понатаму особено ќе се одрази врз работата на Министерство за внатрешни работи.

Со оглед на тоа би сакала да констатирам дека Комисијата за политички систем едногласно го усвои заклучокот со кои има потреба да се донесе еден Предлог на закон за полицијата и овде сакам да искажам некои мои забелешки кои што произлегуваат од ставите на Либерално демократската партија.

Имено во членот 4 ставот 5 се кажува дека имаме изградба и користење на комуникациски системи. Јас тука би кажала дека овој став, во секој случај, ќе треба да се допрецизира, за која цел и намена ќе се користат овие радио и телекомуникациски системи. Значи едно појаснување.

Понатаму во врска со рокот кој е даден во член 8 став 2 што се однесува на претставката односно на одговорот на претставката од 30 дена што треба да биде доставен до странката штоја дала претставката, од страна на полицијата. Сметам дека овој рок е предолг и дека во многу пократок рок може да се изврши проверка на наводите и побрзо да бидат доставени до лицето со кое ја има направено претстапката.

Понатаму во членот 9 имаме една новина која навистина е за поздравување односно министерот за внатрешни работи до Владата на Република Македонија доставува писмен извештај за извршените полициски работи, најмалку еднаш годишно, а новина е тоа што и ваквиот извештај ќе може да биде доставен, според членот 9, и до Собранието. Но, јас сметам дека последниот дел од ставот 2, по нивно барање односно по барање на Собранието, би требало да се брише и да биде обврска на министерот за внатрешни работи да доставува писмен извештај за извршените работи, во рок од една година, до Собранието на Република Македонија.

Понатаму во членот 10 ставот 2, вели - на граѓаните, јавните претпријатија, другите правни лица и државните органи, полицијата им дава инфорамции, податоци и известувања за прашања од својот делокруг, за кои тие се непосредно заинтересирани.

Морам да кажам дека овој став од членот 10 е во согласност со законот за слободен пристап до информации за кој расправавме на почетокот на оваа година и се надевам дека тој многу брзо ќе биде донесен во Собранието и со тоа ќе може да се усогласи и овој член од законот, со законот кој ќе го донесеме во Собранието.

Што се однесува до членот 11 каде во ставот 3 се предвидува да се формираат совети, комисии и координативни тела со цел да се изградат преку заеднички препораки. Сметам дека треба поточно да се прецизира, што се предвидува, какви ќе бидат овие комисии и тела, со каква дејност тие ќе се занимаваат.

Во членот 15 во последниот став вели дека началникот на централните полициски служби го назначува и разрешува министерот по транспарентна изборна постапка. Зборовите "транспарентна изборна постапка", за мене е нејасно дефинирана работа и не знам што се подразбира под тоа. Сметам дека тука

најверојатно би требало да стои институцијата оглас или конкурс за која се залагам воопшто и при сите вработувања да биде применувана, како единствен критериум за стручност и компетентност при вработувањето.

Во членот 17, а согласно ставот 2 каде се кажува каде може да се формираат сектори, а се земаат предвид критериумите како што се: големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците. И на самата Комисија укажав, а и сега гледам дека од поголем дел членови од Комисијата тоа е прифатено и подржано на оваа седница. Сметам дека овие критериуми ги исполнува и Прилеп и дека во Прилеп треба да се формира сектор кој ќе може да ги извршува овие полициски дејности и со тоа би се растеретил секторот во Битола, кој зафаќа едно поголемо географско подрачја, а кон секторот во Прилеп би можеле да се приклучат и општините Долнени, Кривогаштани и Пласница кои и географски повеќе припаѓаат кон општината Прилеп.

Во членот 18 точка 8 се кажува дека финансиски средства утврдени со подбуџетот. Мислам дека тека терминот подбуџет не е најдобро избрано решение и тука треба да имаме соодветно решение кое повеќе е во согласност со буџетските ставки.

Давам подршка на предлогот на некои колеги пратеници искажани на Комисијата за политички систем во членот 20, има полициски станици во општината Шуто Оризари и Сарај, имајќи ги предвид ситуациите кои таму ги имаме. Мислам дека тие општини имаат можност да имаат полициски станици.

Понатаму, нема да се задржувам сега на одредени забелешки кои неколку пати овде беа повторувани од моите колеги, како што се членот 22 и други.

Би сакала сосема накратко да кажам и тоа дека на Комисијата долго беше разговарано, а и овде слушнавме од повеќе пратеници, навистина доста е дискутабилен членот 99 каде се дава можност полицискиот службеник да може да извршува самостојна или дополнителна стопанска дејност. Мислам дека Министерството овие забелешки треба сериозно да ги земе предвид и овој член сосема да се отфрли или да се предефинира затоа што не е во согласност, полициски службеник да обавува некоја стопанска или професионална дејност, како додатна дејност.

Сосема на крај би сакала да укажам дека во членот 121 се предвидува, за да може да се реализираат и да се спроведуваат поголем дел на одредби од овој закон, треба да се донесат подзаконски прописи и акти за чиј рок се определува рокот од 12 месеци. Со оглед што имаме сега Предлог за донесување на закон, потоа следат останатите фази во собраниската процедура, има уште доволно време да се донесе овој закон, а потоа и рокот од 12 месец е предолг рок во кој ќе може да се спроведуваат сите овие одредби во законот. Сметам дека тој рок треба да биде 9 или 6 месеци.

Сосема на крајот изразувам надеж дека Министерството ќе земе предвид поголем дел на забелешките кои беа искажани на пленарната седница, се со цел за подобрување на текстот и дека многу брзо пред нас ќе се најде еден уште подобро изготвен текст на закаон за полицијата, Либерално демократската партија дава поддршка на Предлогот за донесување на закон за полиција.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска. Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Македонија, со потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација преземала обврска за донесување на еден ваков закон, кој ќе овозможи фаќање чекор за она што значат европски стандарди, пред се во организационата поставеност и во начините на функционирање на полицијата. Притоа би сакала да кажам дека до сега принципите на работа и начинот на организирање на полицијата беше рамковно-правно регулиран во Законот за внатрешни работи. Сега се изема тој дел и одиме со нов закон што е едно решение за поздравување. Тука би сакала да напоменам, она што и во Комисијата беше расправано, остатокот од Законот за внатрешни работи кој до сега е менуван 6 пати, Министерството да го разгледа и во иднина да ни предложи еден нов закон за внатрешни работи, значи откако ќе се иземаат овие одредби кои ќе се однесуваат на полицијата, и тој дел на некој начин да се модернизира и да се фати чекор со времето, а со оглед на тоа што и неговото применвуање станува се потешко и со досегашните измени и сега со престанување на важење на оние одредби кои се однесвуаат на полицијата.

Би сакала неколку збора да кажам околу состојбата во сегментот полиција. Сега дали застарела и е претесна рамка за организирање и функционирање на полицијата или транзициониот период во кој предолго се наоѓаме се виновни, јас не би можела да лоцирам, меѓутоа факт е дека  ние имаме појава на разни негативности во работењето на полицијата, како што се кривични дела извршени, од типот на убиства, кои немаат разрешница, нефатени сторители на кривични дела, неовластено прислушкување и т.н. Значи во периодот од осамостојувањето па до денес, за жал, во полицијата се појавија разни афери кои укажуваат на одредени слабости во работењето.

Се надевам дека со новиот закон ќе се смогнат сили тој пред се да се имплементира и да профункционира како што треба, бидејќи една пак од најголемите слабости на нашата држава е имплементацијата на законите. Во сите сфери ние покажуваме најголема слабост кога треба некој закон да се имплементира и да се почитува,

така како што е пропишан. Секогаш, некако како го наоѓаме некои си невидливи одредби меѓу редови, во постапувањето. Се надевам, ќе повторам уште еднаш дека и имплементирањето на овој закон нема да биде така и дека ќе создадеме една модерна полиција која ќе фати чекор со европските земји.

Во изминатиот период нас ни се случи пад на моралните и етичките вредности. Јас не зборувам дека тоа е секаде принцип, меѓутоа една генерална слика во полицијата, имаме напредувања на одредени службеници во полицијата, без да се знае по кои критериуми се унапредени. Значи една политизација во дел од полицијата.

Тука би сакала да кажам уште неколку збора околу оној закон за следење на комуникациите кој Собранието одамна требаше да го донесе и да кореспондира со овој закон. Зошто тоа не е сторено мене тоа не ми е познато, меѓутоа и понатаму неовластено се прислушкува.

Притоа, да кажам дека Либералната партија ќе даде подршка на Предлогот за донесување на овој закон и вградувајки ги сите забелешки од пратениците и јавната расправа она што ќе го донесе, се надеваме дека во втората фаза ќе имаме уште поквалитетно решение односно она што е како недореченост во овој текст ќе биде завршено и направено како што треба.

По однос на текстот на законот би изнела само неколку забелешки на неколку членови. Ќе се потрудам да бидат тоа забелешки кои не беа кажани.

Во членот 6 каде е пропишано дека полицијата укажува помош на државните органи при спасување на луѓе и материјални добра, јас мислам дека тоа го имаме во Законот за спасување и дека оваа одредба не треба да ја има тука, бидејки таму веќе тоа е кажано. Овде само го оптоварува текстот.

Во членот 7 за асистенција, полицијата кога укажува помош за асистенција, овде е кажано само за извршување на судски одлуки. Меѓутоа, треба да се прошири и за управни одлуки, бидејки е потребна асистенција и при извршување на управни одлуки, а не само на судски одлуки.

Во членот 11 каде вели: "Полицијата соработува со државните органи, институции, здруженија на граѓани заради развивање и соработка во спречување и откривање на кривични дела и прекршоци". Јас мислам дека треба да стојат и граѓаните, бидејки полицијата постои заради граѓаните и таа секогаш соработувала со нив. Мислам дека и овде треба да бидат спомнати граѓаните, со оглед на фактот дека секогаш постоела и се надевам ќе постои соработка и со граѓаните. Значи без притоа тие да се во некој посебен облик на организирање. Обврски на граѓаните е да пријават кривични дела и т.н.

Во членот 15, последниот став вели дека началникот на централните полициски служби го назначува и разрешува минситерот во транспарентна изборна постапка. Меѓутоа, јас навистина не можам од текстот да определам каква е таа транспарентна изборна постапка. Овие зборови, транспарентна изборна постапка, се излишни. Мислам дека треба да стои пропишаната постапка, или се знае, по пат на конкурс и така натаму. Само игра на зборови е тоа што е кажано транспарентна изборна постапка и мислам дека тоа не е потребно, бидејки начинот пропишан како тоа ќе се врши, тоа е таа транспарентна постапка.

Во однос на организирањето на регионалните центри за гранични работи, така како што се дадени во Предлогот е сосема прифатливо и мислам дека е направена добра проценка каде тие центри треба да бидат и колкави да бидат тие региони. Сосема го подржувам тој дел, иако тука имаше некакви излагања дека Охрид не е добро избран. Охрид е град кој се наоѓа на граница, значи погранично место и еден од најразвиените центри во тој регион и сосема е во ред да биде избран за регионален центар.

Би сакала да кажам неколку збора за членот 22 - снимање на јавни места.

Во ставот 1 е дадено што значи тоа снимање на јавни места. Меѓутоа, јас не можам да се согласам да се даде можност полицијата да снима собири, пред се политички и синдикални затоа што, верувајте ми, нема воопшто да ви биде пријатно да видите учесник на еден таков собир и да се чувствувате комотно, да го изразите својот став дали се работи политички или синдикален, ако притоа знаете дека полицијата го снима таквиот собир. Мене ми е познат мотивот, значи јасен е мотивот, за да открие кривични дела или прекршоци, меѓутоа јасно е дека организаторот на таквиот собир е оној што е одговорен за собирот, значи е лоцирана одговорноста за собирот. Мислам дека ваквото снимање одредени службеници, полициски и т.н., за жал, во Либералната партија се цени дека ќе го злоупотребуваат и оној материјал кој ќе биде снимен и чуван 6 месеци во полицијата, навистина може да се изгуби од контрола и да биде злоупотребуван. Мислам дека апсолутно не треба да се даде можност полицијата да снима таков вид на собири, синдикални или политички собири, бидејки и до сега сме имале лошо искуство во овој сегмент, биле повикувани луѓе кои се нашле на тие собири и т.н., не сакам да зборувам за сите негативнсоти во тој сегмент. Меќутоа, Либералната партија стои на ставот дека не е дозволиво да се снимаат ваков вид на собири од причина што и до сега имаме лошо искуство со она што е снимено, а и чувството на оној што ќе учествува на таков собир, а притоа да знае дека е сниман, верувајте нема да биде лагодно.

Би сакала да го поздравам членот 91, што исто така во Комисијата беше поздравен, за првпат се среќавам со еден член што за првпат го почитува принципот на еднаквост на половите, а притоа да спомнам дека сеуште нема таква законска обврска. Еве, првпат среќавам еден таков закон и

ја поздравувам оваа одредба. Се надевам дека во иднина, во законските решенија, ќе среќаваме се почесто и редовно вакви одредби.

Членот 99 беше дебатиран од многу колеги. И јас би кажала некој збор. Тој е законска можност на секого да работи дополнителна дејност. Тоа го дава Законот за работни односи. Меѓутоа, полицијата е посебен, многу специфичен вид на професија и мислам дека тука многу прецизно мора да се определи кои се работите за кои што полицискиот службеник не ќе може дополнително да работи.

Пред се, тука мислам на агенциите за обезбедување на имоти и лица. И сега имаме многу такви, во кои што сопственици се или учествуваат полициски службеници. Јас мислам дека во овој сегмент не е добро и е недопустливо да полицискиот службеник, после своето работно време, дополнително работи во овој сегмент.

Ценам дека треба да се размисли и дека треба да се види кои се тоа сегменти во кои што полицискиот службеник не ќе може да работи. Според мене тоа се оние што претставува опис на неговото работно место во полицијата. Тие не ќе може тој да ги работи како дополнигелна дејност. За другите, нормално, како и за сите граѓани им е допуштено да ги работат. Меѓутоа, да не се тоа дејствија или работи во врска со неговото работно место во полицијата.

Воглавном, тоа би биле моите прввични забелешки, по првото читање на текстот.

За крај, би кажала дека, барем со овој закон ќе бидеме малку посреќни при неговото имплементирање и наскоро ќе имаме модерна полиција, организирана на многу принципи, со нови правила на работа, што ќе се грижи за безбедноста на граѓаните и, при тоа, полека, но сигурно ќе почнат да исчезнуваат сите оние негативности што до сега и се појавувале во овој сегмент. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Трендафилов Ѓорѓи. Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Образложениeто од МВР во врска со Законот за полиција се повикува, на почетокот, воопшто не ја одразува суштината на законот што треба да биде вграден во правниот систем на Република Македонија. Имено, се повикува на некаква општа формулација на осамостојувањето на Република Македонија, а го занемарува најглавниот принцип во чии рамки треба да се зборува или да се размислува од страна на предлагачот.

Имено, тоа е постојниот Закон за внатрешни работи и Законот за локална самоуправа. Само да го потсетам предлагачот дека во членот 36 од Законот за локална самоуправа, точката 12 пишува - "го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со Закон".

Точката 13-"го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината, што го доставува до министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител".

Точка 14-"може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот".

Во предложениот законски текст воопшто не се водело сметка за постојниот Закон за локална самоуправа. Напротив, според одредени информации што ги имаме, дури и на самата владина седница, коалиционите партнери воделе одредена дискусија, затоа што не им е расчистена политичката филозофија во чии рамки се движи овој закон.

Имено, прашањето е што ќе се прави, од она што го пишува, во поглед на секторите и обврските на организационите единици на Министерството за внатрешни работи? Полициската станица Ѓорче Петров ќе се грижи за јавниот ред и безбедноста, практично, на територијата на три населени места: Ѓорче Петров, Кондово и Општина Сарај. Ако целта е децентрализацијата, така како што е формулирано во Законот за локална самоуправа, тогаш постои некаков скриен страв во поглед на разместувањето на полициските станици особено затоа што воопшто не е урамнотежен развојот на постојните и отворањето на нови полициски станици. Да речеме, што треба да претпоставиме, дека полициската станица во Куманово е надлежна практично и за територијата на Општина Липково, каде што живеат 30-тина илјади жители. Дали во рамките на довербата меѓу коалиционите партнери изгледа им недостасува доверба, па се обидуваат да сторат нешто што воопшто не е во согласност со Законот за локална самоуправа.

Ако оваа Влада осум месеци зборуваше пред македонската јавност, зборуваше пред меѓународната јавност дека е силно загрижена децентрализацијата во Република Македонија да биде адекватно, практично и правично спроведена во Република Македонија, тогаш со законот за полиција, со овој предложен законски текст во првата фаза, тоа апсолутно не е така. Затоа што овој предложен закон за полиција, всушност е збирка на правилниците што сега постојат во Министерството за внатрешни работи, а воглавно, се потпираат на Правилникот за вршење на работите на Министерството за внатрешни работи од 1998 година.

Истовремено, Владата, претпоставувам, работи на измените и дополнувањата на Законот за Министерството за внатрешни работи, при тоа предлагачите на Владата, на собраниската Комисија за одбрана и безбедност се повикувале на директиви од Европската комисија и на одредени искуства што ги презеле од други или слични законски решенија на земји членки на Европската унија, без при тоа да набележат колку од постојните членки на Европската унија имаат

закон за полиција. Значи, покрај постојниот Закон за Министерството за внатрешни работи, колку од нив имаат посебен закон за полиција. Затоа што, ако овој закон во голема мерка се потпира и произлегува од постојните правилници на Министерството за внатрешни работи, за вршење на неговите обврски, се претпоставува дека сличните законски решенија што ги презеле експертите од Министерството за внатрешн и работи, а да потсетам не е прв пат експертите од Министерството за внатрешни работи, се надевам нема да се случи, можеби во втората фаза, да ретерираат од овој закон, кога оние кои најгрчевито го бранат законот како предлагачи, како повереници на Владата, после неколку месеци да излезат и да кажат дека тој закон бил потполно или целосно неуспешен и непотребен, како што беа, на пример, измените и дополнувањата во Законот за државјанство.

На самиот старт се судираме, кога го разгледуваме овој законски текст, со неговата неусогласеност со децентрализацијата, што како владина политика беше мошне гласно нагласувана во јавноста, дека оваа Влада е решена да ја спроведе децентрализацијата, адекватно и таа да биде суштинска, а не само декларативна. Во овој случај, бидејќи не само во членот 36, дел од членот 36 што прочитав, туку и во други членови, предложениот законски текст е неусогласен со Законот за локална самоуправа. Велам, доколку постои доза на недоверба помеѓу коалиционите партнери, таа да е од политичка природа и нејзиното место не е во Собранието да го решаваат, туку тие треба да си го решат на друг начин. Во Собранието да се разговара за квалитетен закон што велам, можеби е потполно непотребно да се носи нов закон за полиција, затоа што многу земји, членки на Европската унија го немаат, туку одредбите што се вклучрни во предложениот законски текст произлегуваат од постојните правилници на Министерството за внатрешни работи, да бидат вградени во измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи, на кој што сега работат.

Во предложеното законско решение, како прв проблем на почетокот од разгледувањето на членовите, до крај не е разјаснета организациската структура на Министерството за внатрешни работи, односно Бирото за јавна безбедност и безбедност во сообраќајот. Можеби една од клучните дилеми што се јавуваат при разгледувањето на овој предложен законски текст е децентрализацијата, поставеноста на организациската единица на Министерството за внатрешни работи, безбедноста во сообраќајот и локалната самоуправа.

Ако во точките што ги прочитав 12,13 и 14 јасно пишува кои права и обврски ги има локалната самоуправа и во поглед на јавната безбедност и на безбедноста во сообраќајот, во овие стотина членови не можеме да пронајдеме ниту еден член што се допира до Законот за локална самоуправа или конкретно до членот 36.

Во поглед на друга недефинираност, останува прашањето дали овие сектори, што се сега набележани, се единствените што ќе постојат во иднина и дали ова ќе бидат единствените полициски станици? Доколку се создаде потреба за отворање нови полициски станици, дали Владата ќе размислува тоа да се прави исклучиво со измени и дополнувања на овој закон, што најверојатно мнозинството ќе го усвои, без оглед на неговите нејаснотии и не до крај дефинирани односи внатре во самата Влада, затоа што намерата е да го одвојат законот за јавната безбедност, односно полицијата да биде регулирана со посебен закон што, ќе повторам уште еднаш, не е закон, што претставува во голема мерка збирка на правилници што се сега во употреба во Министерството за внатрешни работи.

Во поглед на правата и заштитата на вработените во Министерството за внатрешни работи, бидејќи главна цел на полициските единици е да се грижат за обезбедување на јавниот ред и мир, Министерството за внатрешни работи треба со посебен член да ја издвои обврската на припадник на полициски службеник да му следува бесплатна правна помош, во случај кога тој ќе биде, како што граѓанинот има право да поведе постапка, како што неговите претпоставени имаат право да поведат дисциплинска или било каква друга постапка поради мислење дека пречекорил овластување или ја злоупотребил својата положба како полициски службеник, така и на полицискиот службеник треба Министерството за внатрешни работи да му обезбеди бесплатна правна помош кога тој ќе почувствува дека се загрозени неговите права, како припадник на Министерството за внатрешни работи, односно како полициси службеник. Во предложениот законски текст нема ниту трага од ова.

Исто така, полицискиот службеник треба да има право да добие сместување, соодветно сместување од Министерството за внатрешни работи кога е упатен на служба вон неговото место на живеење, односно вон неговата општина. Ова прашање воопшто не е третирано во делот што се однесува на правата и обврските на припадниците на Министерството за внатрешни работи, односно во текстот веќе со терминологијата, полициските службенци.

Уште на самиот почеток, членот 5 на крајот завршува со следново "Обезбедување на одредени личности и објекти и други работи утврдени со закон". За кои лица станува збор, за кои објекти, какви други работи се тоа и кои се тие закони што ги дефинираат тие други работи? Затоа што оваа формулација е премногу широка и може да доведе, како што и се случува во изминатиов период, да дојде до пречекорување на овластувањата не на полициските службеници, туку пред се на раководниот кадар или, уште подобро кажано, на политичкото раководство во Министерството за внатрешни работи.

Исто така, во членот 15, она што се однесува на локалната самоуправа и на децентрализацијата, но се однесува и на внатрешната организациска поставеност на Министерството за внатрешни работи, началникот на централните полициски служби го назначува и разрешува министерот, во транспарентна изборна постапка. Претставнците на Министерството за внатрешни работи, на Комисијата за одбрана и безбедност, се обидоа тоа да го објаснат на, се разбира, секогаш за нив елоквентен и премногу општ начин, дека тоа се регулира со постојните правилници, а веќе реков дека овој закон всушност е збирка на постојните правилници, со интерна постапка, внатре, во рамките на Министерството за внатрешни работи. Иако оваа формулација и сега ја користат, воопшто не е разбирливо што значи тоа "транспарентна изборна постапка" кога министерот за внатрешни работи, како и секој друг министер го назначува или ја назначува комисијата што ги разгледува барањата на вработените во Министерството за внатрешни работи, кои учествуваат во таа интерна транспарентна изборна постапка.

Членот 20 што ги дефинира секторите, останува она прашање за што пред малку зборував. Тоа е како во иднина Министeството за внатрешни работи ќе се прилагодува при отворањето на нови полициски станици или, можеби некогаш ќе реши дека во некое населено место, помало населено место нема потреба од постоење на полициска станица, дали секогаш Владата ќе излегува со измени и дополнувања на законот за полиција?

Во рамките на мојата општа забелешка дека законот, навистина, се оддалечува од она што треба да претставува децентрализација во Република Македонија, во предложениот законски текст се судира и со проблемот на Градот Скопје, неговата двостепена поставеност што е регулирана со Законот за локална самоуправа. Инаку, се сеќаваме, кога се разговараше во Собранието за територијалната организација во Република Македонија, токму оние аргументи што владиното мнозинство и членовите на Кабинетот, на Владиниот кабинет ги бранеа жестоко пред пратениците од опозицијата, токму тие аргументи сега се напуштени.

Прашањето за систематизацијата и нејзината улога во предложениот законски текст, систематизацијата , работниот стаж, годините на работниот стаж можеме да сфатиме дека луѓето кои работеле на овој законски текст имале добра намера и се обиделе во голема мерка да придонесат кон професионализација на службата во која работат или на службата за која работат, но во самата постапка и самата систематизација, на начин како што е предложена, сепак отвара премногу можности за она што го искажа како одредено сомневање во интерната транспарентна постапка што секогаш ќе биде и е фактички и во овој момент е тоа така контролирана од министерот за внатрешни работи.

Ќе се навратам уште еднаш на правата на припадниците на Министерството за внатрешни работи, односно на полициските службеници кои се обврзани да учествуваат на проверки на нивната психофизичка кондиција, во рамките на систематизацијата, за што зборував дека треба да биде вграден посебен член, дека им е обезбедена, секогаш кога тие ќе побараат, бесплатна правна помош за заштита на нивните права како полициски службеници и како граѓани на Република Македонија, не е предвиден иако мислам дека не е местото во овој предложен законски текст за работните односи, не е предвиден никаков надомест, финансиски надоемст што не би требало да биде помал и би се исплаќал еднаш годишно, а не би требало да биде помал од 60 или 70% од годишниот приход, просечен годишен приход на еден полициски службеник, токму во насока на подобрување или на одржување на психофизичката кондиција.

Затоа што, излегува дека полициските службеници имаат само обврски, додека нивните права во делот каде што се регулираат нивните работни обврски и работните односи, нивните права не се во доволна мерка опишани и не се заштитени. Единствено што им се остава простор на полициските службеници вон работното време со дозвола на министерот да извршуваат и дополнителни стопански дејности. Тоа е нешто што како пракса навистина постои во некои земји, но во земјава имаме едно многу лошо искуство токму со високи полициски функционери, кои и тоа како дополнително вршат стопански дејности и тоа како дополнително ангажираат полициски сллужбеници во рамките на нивните фирми, кои за жал, се занимаваат можете да претпоставите со што, а не се занимаваат со одржување на хигиената, да речеме во основните училишта. Нивната обврска е пред се, а тоа подобро го знаат претставниците на Министерството за внатрешни работи и министерот за внатрешни работи, едни обезбедуваат културни манифестации, исклучиво други обезбедуваат спортски натпревари, трети обезбедуваат витални објекти во сопственост на државата и слично.

Затоа, особено во поглед на правата, доколку Министерството за внатрешни работи ќе инсистира и понатаму да постојат два закони, Закон на Министерството за внатрешни работи и еден закон за полицијата, можеби обидувајќи се да оди по аналогија на постоењето на Закон за одбрана и законо за служба во АРМ, особено да се води сметка за тоа и верувам дека ќе биде во втората фаза при донесување на овој закон во Главата 4, каде што работните односи, здравтвеното, пензиското и инвалидското осигурување ќе бидат, се надевам по прецизно разгледани. Но, особено можам да кажам дека без оглед со какви предлози ќе излезе Владата и претставниците на МВР во Главата 4, ќе има и

тоа како дополнителни амандмани утврдени и предложени од претставниците од опозицијата.

Би сакал на крајот, сепак, доколку претставникот на МВР има сознанија или доколку моите сознанија се погрешни, сепак би сакал да слушнам, бидејќи се повикуваат и во воведното излагање во законскиот текст од кои земјиги преземаа искуствата, каде што тие земји имаат посебен закон за полиција, а не единствен закон за внатрешни работи. Тоа е така, затоа што ова сега што го имаме навистина претставува една збирка од правилници која претендира да стане закон за полиција и зошто е таа неусогласеност со Законот за локална самоуправа, иако политиката на оваа Влада во пред донесувањето на законот за територијална организација беше политичката филозофија дека децентрализацијата и треба да биде максимална и адекватна токму поради Европските директиви. Дали Владата добива различни директиви, дали Владата не знае да ги следи директивите или едноставно Владата се обидува под превезот на Законот за полиција да си расчисти некакви нерасчистени работи внатре во самата коалиција. Затоа што, целиот овој закон во голема мера е во спротивност со Законот за локална самоуправа. За да немаме после барање за оценување на уставноста, барање за усогласување на два закони кои се во спротивност и да не ги повторувам точките 12, 13, 14 кои директно ја формулираат врската помеѓу локалната самоуправа и организационата единица на МВР.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател, почитувани колеги.

Ќе настојувам во кратки црти да дадат некои од моите забелешки, затоа што верував дека треба да се кажат. Првенствено ценам дека, а верувам дека е кажано и од другите пратеници, затоа што во Законодавно-правната комисија за членот 2, став 2 беше нагласено и дадени забелешки или сугестии кои што беа конструктивни и на кои што и јас им се придружив. Мислам дека во ставот 2 добро е да се прецизира, затоа што вака како што е формулиран овој став слободно може да се констатира дека сепак терминот, поимот полициски службеник е поим кој што е инкорпориран во Законот за внатрешни работи, додека моите анализи за овој закон сум констатирал дека сепак овој поим не е присутен во овој закон. Затоа, мислам и верувам дека во втората фаза законот ќе ја има предвид оваа одредба.

Понатаму, доколу се анализира внимателно членот 7, меѓутоа и членот 6, во членот 6 во согласност со ова што е претставено се говори за помошта која што полицијата треба да ја укаже на државните органи, било да се од централно или локално ниво. Додека во членот 7 се говори за можноста за тоа полицијата да асистира во согласност со тоа што е извршна судска одлука, меѓутоа во согласност со овие два члена, не е создаден правен простор преку асистирање или по барање на претседателите на општините или градоначалниците во контекст на реализација на општинските органи да има можност да се направи асистенција од страна на полицијата. Доколку се анализира внимателно членот 14 каде што е предвидено прашањето кое што е во однос на раководните органи во полицијата или како што сега се нарекува биро за јавна безбедност, колку што имам јас инфорамции, ова биро во овој момент освен директор има заменик директор, додека со понудениот текст во членот 14 став 2 ова прашање е елиминирано или вака како што е предвидено во законот во иднина, оваа институција нема да има заменик директор. Понатаму, доколку внимателно се анализира членот 15, каде што се говори за условите, верувам дека оваа забелешка е дадена и од другите пратеници, сепак јас само би се надоврзал дека условот од 12 години за прв пат најдуваме во еден текст. Во овој случај сакам да нагласам дека сум ги анализирал сите закони и условот од 12 години и 6 како професионално искуство, да има определеното лице и професионално искуство, навистина, немам наидено на такво нешто.

Во членот 17 каде што се говори за сектори во овој член, имам забелешка која што е повеќе од формално правен карактер, затоа што се говори за сектори за внатрешни работи, додека ако вниманително го анализираме предлогот кој што е понуден се говори за полицијата. Факт е дека полицијата е еден од секторите за внатрешни работи, меѓутоа, треба да се има во предвид иако забелешката е формално правна, верувам дека прашањето е поврзано со внатрешните работи и е регулирано со еден друг закон кое што и по донесувањето на овој закон ќе биде во сила. Затоа, јас ќе инсистирам, а тоа го реков и во Законодавно-правната комисија дека во иднина Сектор за внатрешни работи да се нарекуваат како сектори на полицијата, со цел да кореспондира со самото именување на насловот на овој закон. Додека сум овде јас мислам дека доколку се анализираат внимателно критериумите кои што се предвидени тука за поделбата на секторите, добро е да се анализира уште еднаш истото прашање, затоа што моја проценка е дека, а верувам дека ова прашање го спомнаа и некои од пратениците на парламентарната група на која што јас припаѓам, бројот на населението и над се бројот на кривичните дела и прекршочните тела, верувам дека воопшто не е земен предвид во теко тна поделбата на овие сектори. Исто така, е направено и во членот 19, кој што е основен, главен услов за именување на раководно лице на овие сектори. Значи, се бара 12 години, од кои што 4 треба да бидат години со искуство во раководни работни места, нешто што ценам дека исто така не е во ред, затоа што верувам дека преку овие услови се прави ограничување на

конкуренцијата или елиминирање на кандидатите, посебно на новите млади кандидати, за да бидат раководни лица или учесници во идните конкурси за соодветните раководни места кои што се предвидени во текстот на овој закон.

Во членот 20 се говори за една категорија, која што според мене е многу апстрактна, како што е надлежноста, непосредната надлежност или вршењето на непосредната надлежност, со што и не се даваат објаснувања за тоа што се подразбира под таа надлежност. Мислам дека во другата фаза ќе биде добро ова прашање добро да се разјасни и да се прецизира, додека анализирајќи го овој член кој што е во однос на полициските станици, мое мислење е дека сепак во овој член добро е да се утврдат и условите или криериумите кои што треба да ги исполни, да речеме, една полициска станица, за да добие статус или именување како полициска станица. Значи, би било добро во овој член исто така да се прецизираат и условите кои што се потребни за основање на една полициска станица.

Членот 21 се говори за еден поен, кој што според мене не е во согласност со поимот кој што за конкретното прашање за кое што говори овој закон, а се мисли за поимот командир, колку што имам јас информации во Законот за внатрешни работи, се говори за поимот раководно лице. Во истиот член е дозволено едно дискреционо право на министерот за разрешување на раководното лице на овие полициски станици, што според моја проценка, мислам дека правно не е во ред, затоа што друг орган е тој што го прави неговото именување. Додека во овој контекст ова право како дискреционо право е оставено на минстерот за внатрешни работи.

Членот 23 каде што се говори за регионалните центри за гранични работи во согалсност со ова што е предвидено, а се предвидени 4 такви подрачни единици, меѓутоа ниедна од нив, за жал, нема седиште во делот кој што е во Западна Македонија. Во членот каде што се говори за можноста во иднина, а тоа е членот 100 каде што се говори за можноста во иднина полициските службеници да можат да се зачленат во политичка партија, мислам дека оваа одредба иако е добро прецизирана, сепак, мислам дека не треба да постои, затоа што има можност од тоа полицискиот службеник кој е член да речеме на некоја политичка партија, да може во иднина во определени случаи да дејствува идеолошки или во прилог на политичкиот субјект на кој што му припаѓа.

И, на крајот, мислам дека во делот во кој што говоревме за резервите или за резервниот состав на полицијата, ќе беше добро во овој дел да се инкомпорира и уште една друга одредба која што би предвидела можност за правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници и во овој резервен состав на полицијата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Стојановски Блаже.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Сметам дека предлогот за донесување закон за полиција кој што е поднесен до ова Собрание со предлог тоа да биде во две фази е добра работа, затоа што имаме шанса во оваа прва фаза да ги искажеме нашите сугетии и нашите забелешки во однос на овој закон и нашите размислувања во однос на она што треба да биде регулирано со овој закон, а нема да предизвика штетни последици, не само во постапувањето на полицијата, туку и во заштитата на човековите слободи и права на граѓаните на Република Македонија.

Затоа, тргнувајќи од тој аспект сакам најпрво да се осврнам на начинот на кој што е подготвуван овој закон и она што произлегува од читањето на овој закон како мој заклучок. Значи, основната поента која што проверјува низ целиот закон е дека ова претставува закон на комплромиси. Закон на политички компромис, кој што треба да постигне цел која е наведена во стратегијата и во повеќе меѓународни документи, меѓутоа, таа цел не може да се постигне доколку основните мотиви при конципирањето на овој закон би биле создавањето на политичка поддршка за негово донесување, а не реализација на ссттручно полициски активности врз основа на одредбите кои што се во овој закон.

Основното прашање кое што треба да го разреши Министерството во втората фаза е да ги надмине тие политички претпоставки кои што ги има, за да може да се донесе овој закон, а врз основа на тој закон да се постигнат целите за стручно, ефикасно функционирање на полицијата и заштита на интегритетот, имотниот, личниот, заштита на слободите и правата на сите граѓани на Република Македонија. Тоа се гледа и од одредбите кои што се однесуваат во повеќе делови на овој закон. Јас сакам да почнам со ред.

Прво и основно прашање кое што сакам да го кажам е неусогасеноста на овој закон со Законот за локална самоуправа. Затоа што, согласно член 36 од Законот за локална самоуправа лицето кое што раководи со подрачната единца на Министерството за внатрешни работи во општината, го именува општината, односно советот на општината. Со овој закон, оваа одредба од Законот за локална самоуправа е дерогирана, со тоа што командирие на полициските станици кои што имаат можност да учествуват во постапката на советите при нивниото именување, е направена една процедура во која што фактички се оневозможува изборот на командирот на полициската станица од страна на локалните власти, од страна на советот на локалната самоуправа, на општината. Ова сакам да го истакнам затоа што во членот 21 од предлогот за донесување на закон стои процедура во која што командирот на

полициската станица се избира со мнозинство гласови од вкуниот број советници од страна на Советот на општината во која што е сместена полициската станица од општа надлежност на министерството од листа која содржи најмалку тројца кандидати, предложена од страна на министерот. Значи, сите тојца кандидати кои Советот на општината може да избере командир на полициска станица во дотичната општина му ги предлага министерот за внатрешни работи кој претставува политичка личност именувана од страна на коалицијата којај што е во моментот на именувањето на командирот на полициската станица на власт. што значи дека Советот на општината ќе биде доведен во една ситуација да избира помеѓу три личности кои се претставници на една политичка или на повеќе политички партии кои се на централна власт, а кога на локална власт мнозинството на Советот треба да одлучува, тоа нема право да даде свој предлог и тој предлог да го избере како претставник, бидејќи тие, советниците претставуваат израз на претставници на граѓаните на сооветната општина не можат да изберат свој коммандир на полициската станица. Тоа понатаму е разработено на начин што Советот на засегнатата општина му е даден рок од 15 дена да избере по таа листа која што е составена, како што кажав предходно, од тројца кандидати кој што ги предлага министерот.

Понатаму, доколку од тие тројца кандидати не се избере ниту еден во тој рок од 15 дена, Советот на засегнатата општина, како што стои во Законот, во рок од 15 дена, од денот на доставувањето, министерот по консултација со Владата, ќе избере, значи им дава нов рок од 15 дена за втора листа, која содржи исто така најмалку тројца кандидати, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедниците, тоа е во општините каде што мнозинство е над 20%, онаа етничка заедница која што го има тоа мнозинство и согласно уставните измени.

Меѓутоа, првата листа од тројзата кандидати ако Советот не избере ниту еден, се доставува втора листа на кандидати, предложена од страна на министерот за внатрешни работи, а Советот не избира ниту еден. Затоа што факт е дека се јавуваат ситуации во кои што Советот сака да избере личност за која што ќе ја носи одговорноста, во однос на реализацијата на целите кои што ги има полицијата во соодветната општина. А на овој начин, одговорноста за изборот ја носи Советот, меѓутоа, одговорноста за личноста не може да ја носи затоа што врзани се рацете при одлучувањето на Советот, поради предлозите кои што доаѓаат директно од страна на министерот за внатрешни работи.

Значи, овде целта е многу јасна, Советот треба формално да именува лице кое што ќе биде определено од страна на министерот. Или една листа од 6 мина од кои што еден ќе биде во секој случај, затоа што во последниот став од овој член стои дека ако и при повторниот предлог, Советот не избере ниту еден од тројцата новопредложени кандидати за командир на полицијата во соодветната општина, тогаш министерот во консултација со Владата ќе го избере командирот на полициската станица од општа надлежност од двете листи на кандидати, предложени од самиот министер.

Значи, парафразирано министерот предлага 6 кандидати од сопствените 6 кандидати избира еден, ако тоа не го направи Советот.

Овде, на големо се дискутираше како ние така успешно ја спроведуваме децентрализацијата, како ќе им дадеме на општините поголеми надлежности и ќе им овозможиме силно да влијаат врз решавањето на проблемите, со кои што се соочуваат граѓаните на тие општини. Ова дефинитивно, заедно со сите оние други проблеми кои што произлегуваат во областа на образованието, каде што исто така во Законот за локална самоуправа стои дека градоначалникот го именува директорот на училиштето, а со Законот за основно образование, фактички, тоа се сведува на истата постапка која што е предвидена со овој закон, со таа разлика што во тој случај директно влијаат претставниците и на родителите и на општината кои што се членови на училишните одбори и во овој случај директно министерот може да каже кој е подобен да ја врши функцијата командир на полициската станица.

Јас се согласувам со предлогот да бидат подетално утврдени критериумите кој може да биде командир на полициска станица на општината, меѓутоа, не можам да се согласам со тоа, тој командир да биде личност предложена од страна на министерот. Дека му се врзани рацете на Советот, условно кажано, со тоа што ќе се определат критериуми кои што треба да ги исполнува таа личност, меѓутоа, на овој начин директно се дерогира, поништува одредбата од Законот за локална самоуправа, кој што сите знаеме се носи со 2/3 мнозинство.

Затоа сметам дека ова треба да се има предвид, или пак ако сакате да постои вакво решение во овој закон, тогаш, дајте прво сменете го членот од Законот за локална самоуправа кој што вели дека Советот го избира лицето кое ќе раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи, со тоа што го избира на предлог на министерот. Тоа е она што е наведено во овој закон. И на тој начин, имаме навистина усогласеност на законите. Вака како што е предложено, ќе настанат нови компликации, кои што директно ќе значат нарушување на принципот на законитост во Република Македонија.

Она што сакам да го истакнам овде, се критериумите од кои што произлегува дефинирањето на тоа кои ќе бидат надлежностите на подрачјата на секторите за внатрешни работи и нивните седишта. Согласно предлогот кој што ни се доставува сега, а кој што кажав на почетокот е во прва фаза, има простор да се поправи тоа, се предвидени 8 сектори, меѓу

кои, не знам зошто, единствено Прилеп како град не е седиште на сектор. Иако, во досегашното искуство под Прилеп беа и Македонски Брод и Крушево и сите оние општини кои што произлегоа од Општина Прилеп. Значи зборуваме за Мариово, Тополчани, Кривогаштани, Донени, и на тој начин од еден Сектор за внатрешни работи кое што покриваше огромно подрачје, каде што живеат над 100 илјади жители, сега се сведува на полициска станица. Се сведува на полициска станица исто онаква, каква што е на пример полициската станица во Македонски Брод, која што се однесува на многу мал број луѓе, која што драстично се разликува во однос на големината на Прилеп и на Македонски Брод, или големината на Крушево каде што со овој закон, исто така се предлага да биде полициска станица, како што се предлага тоа и за Прилеп. Ако има некакви критериуми, добро би било ние да слушнеме, кои се критериумите врз основа на кои е укинат Секторот за внатрешни работи Пролеп, а од друга страна се става огромна надлежност на Секторот за внатрешни работи, кој што сега е во Битола, а кој што врши полициски работи на подрачјето и на Битола и на Прилеп и на Демир Хисар и на Крушево и на Македонски Брод и на сите оние општини кои што се произлезени од овие општини согласно Законот за територијална поделба.

Сметам дека за ова сигурно имало размислување од страна на Министерството во поглед на ова прашање, затоа што јас имам информации дека на почетокот имало опција Прилеп да остане како Сектор за внатрешни работи, меѓутоа, со овој Предлог за донесување на закон тоа нешто е изменето и веројатно, тука се работи за одстапување од критериумите кои што го воделе Министерството за внатрешни работи при определувањето на останатите сектори за внатрешни работи.

Затоа сметам дека воопшто нема да смета доколку покрај овие сектори се определи уште еден сектор за внатрешни работи, кој што би го опфатил подрачјето на кое што досега и сега сеуште функционира Управата за внатрешни работи од Прилеп, а ги опфаќа оние општини кои што ги кажав претходно, Крушево, Македонски Брод, Долнени, Криво Гаштани, и поранешните Мариово и Тополчани, кои што сега се укинати со новата територијална поделба. Навистина, не ми е јасно зошто Демир Хисар како полициска станица да се поистоветува со Прилеп, кој што претставува град со многу поголем број на жители и каде што борбата против криминалитетот не треба да биде сведена на ниво на полициска станица.

Со полициската станица, согласно членот 21 на овој закон, се наведува дека раководи командир кој работите ги врши во полициска униформа. Не знам зошто тоа е толку значајно, можеби тоа е некаков стандард, меѓутоа, сметам дека командирот не би требало вака децидно во законот да стои , тоа би требало пред се да биде акт кое би го уредувало Министерството за внатрешни работи, а не во законот да биде облигаторно задолжително наведено, командирот да биде со капа, како што се наведува.

Понатаму, во членот 28 на овој закон, стои дека полицијата може да ги ограничи основните слободи и права на човекот и граѓанинот и кажува во кои случаи, кои што се утврдени со Уставот и законите и во постапка и услови утврдени со закон.

Јас морам овде да истакнам дека Министерството за внатрешни работи, односно сега полицијата согласно овој закон не треба и не смее согласно Уставот повторно да има овластувања да ги ограничува основните слободи и права на човекот, туку треба да спроведува постапка, која што е предвидена согласно Уставот и законите на Република Македонија, а не да стои дека може да ги ограничи.

Мислам дека замник министерот ме разбра Што сакам да акжам. Полицијата не може како Министерство, како биро со свој акт да ограничи слободи и права на човекот и граѓанинот, туку тоа е направено со Устав и со Закон, а полицијата е таа која што во тие услови кои што се наведени во Уставот и Законот може да постапува согласно своите надлежности.

Во извршувањето на полициските овластувања, полицискиот службеник е должен да постапува хумано и да го почитува достоинството и угледот, честа на лицата, како и основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Тоа сето е добро напишано и убаво звучи, меѓутоа, сепак, должноста претставува обврска која што треба да биде санкционирана доколку не се почитува.

Значи мој предлог е ставот 2 од членот 28 да стои вака како што е, меѓутоа, во казнените одредби да стои санкција за непочитувањето на овој став од членот 28.

Ќе кажам за повикувањето. Членот 39 зборува кога полицијата е овластена да повикува граѓани. И тоа, таа може да ги повикува писмено, заради барање потребни известувања во врска со собирање информации, известувања, неопходни за извршување на полициските работи. Ова во превод може да значи, во секој случај, секогаш. Не е проблем ова како одредба во овој закон, меѓутоа, проблем е друго. Проблем е присилното доведување на лицата.

Значи, во ставот 3 на овој член стои дека повиканото лице може присилно да се доведе само со судска наредба и потоа стои уште еднаш, само тогаш кога очигледно одбегнува да се јави на уредно доставена покана во коај било предупредено на можност од присилно доведување и тогаш кога своето недоаѓање, нема да го оправда.

Значи, со овој став 3 од членот 39 полицијата фактички си дава одврзани раце за да може присилно да приведе, без судска наредба секое лице за кое што таа ќе оцени дека треба да го

повика на разговор. Доколку постои судска наредба, тоа апсолутно не би било проблем. Меѓутоа, оние други случаи кои што се наведени после судската наредба, кога очигледно одбегнува да се јави, што значи тоа. Ако одбегнува да се јави во секој случај вие како полиција можете да го приведете тоа лице. Фактички, кога очигледно одбегнува и не се јавува. И тогаш кога своето недоаѓање не може да го оправда и доколку не ја примил таа покана, фактички, може да се случи присилно доведување на лицата, кои што апсолутно без судска наредба не може да има никакво сознание полицијата дека се осомничени извршители на кривични дела, за кои што е поведена постапка и кои што, нормално треба да се приведат за прибирање на податоци за спроведување на постапката која што е надлежна полицијата да ја спроведе.

Рокот на задржување исто така треба во овој член, каде што е повикувањето на неосомничено лице да се наведе, затоа што ако се работи за оној популарно наречен информативен разговор кој што полицијата го практикува, тој информативен разговор не може да трае 24 часа, туку треба, бидејќи се ограничува слободата и правата на граѓанинот кој што е повикан да се направи тоа во еден разумен рок што полицијата би можела да ги спроведе оние активности кои што и се неопходни за добивање информации од тоа лице, а од друга страна тоа лице да не трпи некакви психич!ки трауми, затоа што сепак, повикувањето во полиција не претставува едноставна работа за граѓаните, а особено за граѓаните кои што живеат во помали средини, а сето тоа може да предизвика штета врз нивниот углед.

Понатаму, во членот 43 стои дека приведување без писмена наредба може да се изврши на лице. Сега има 4 случаи. Вториот случај е за кој е распишана потерница, што е многу јасна ситуацијата.

Третиот случај е што е затекнато во извршување на кривично дело, за кое се гони по службена должност, тоа е многу јасна ситуација, како и затекнато во извршување на прекршок со елементи на присилба и тоа е добро, затоа што лицето се однесува насилно.

Меѓутоа, во точката 1 стои дека приведување без писмена наредба може да се изврши на лице чиј идентитет треба да се утврди. И толку. Значи на секое лице може полицаецот да му дојде кој што е на улица, дома или незнам каде и да му каже ве молам да ви го проверам вашиот идентитет и доколку тоа лице во себе нема лична карта, тоа лице може да биде присилно без наредба приведено.

Јас сметам дека ако веќе утврдувањето на идентитетот се однесува на лица за кои што е распишана потерница, кои што се осомничени за извршување на кривични дела, треба да биде точно наведено во кои случаи полицијата ќе го има тоа право, без писмена наредба, заради утврдување на идентитетот да може да го приведе лицето.

Сметам дека овој закон со подобрувања кои што треба да произлезат во текот на втората фаза, може да даде придонес во смисла на подобрување на правата и обврските кои што ги има полицијата во вршењето на своите надлежности, меѓутоа, пред се треба да се донесе за гаранции за заштита на човековите права и слободи, затоа што сите знаеме дека полицијата е таа која што директно по пат на присилба ги извршува нејзините надлежности.

Во членот 92 е утврден начинот на засновање на работен однос на полициски службеник.

Тој се состои од два става. Ставот 1 вели: "полициски службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас на начин и под услови утврдени со посебен закон".

Значи полициски службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас. Меѓутоа, ставот 2 што вели:" Работен однос без јавен оглас се заснова на работни места утврдени со актот за систематизација на работни места во полицијата и за стипендисти итн". Јас не знам зошто првиот став го ставате со јавен оглас, кога постои вториот став без јавен оглас. Ако полициски службеник може да заснова работен однос во полицијата на работно место кое што е предвидено во актот за систематизација на работните места во полицијата и ако обврска постои тоа биде со јавен оглас, тогаш исклучоците мораат да бидат наведени децидно во кои случаи и зошто. Заради посебни потреби на полицијата. Се работи за стручни аспекти кои ќе ги каже Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, вака како што стои тука буквално вработувањето во полиција ќе се изведува без јавен оглас и можете слободно ставот 1 да го избришете од овој член, затоа што вака како што стои, нема потреба од негово присуство како став на член 92 во овој закон.

Во членот 96, каде што стои дека поради видот, природата и сложеноста на полициските работи, како и поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат износот на средства наменети за плата на полициските работи се зголемува за 30%. Јас не знам зошто се чека донесување на овој закон, ако веќе Министерството и Владата на Република Македонија има намера да врши покачување на платите на лицата вработени во полицијата, затоа што тоа треба да го направи веднаш. Имаат тие овластување согласно други закони и на тој начин ќе биде решено ова прашање многу полесно, одколку со внесување во овој закон. Значи, фактички, покачете ги платите на полицајците, на вработените во полицијата, бидејќи кажувате дека имате таква намера и тие 30% нема потреба да ги внесувате во овој закон, затоа што на овој начин како што е наведено може да се сфати дека еве ние сакаме во првата фаза од законот предлагавме, ама имаше отпор од Владата , немаше доволно пари во

Министерството за финансии и ова сето ова да се сведе на една политичка пропаганда дека ние сакавме, ама реално не може тоа да се реализира. Затоа, ако сакате навистина како Министерство ова да го направите, направете влијание кај господинот Никола Поповски, во Буџетот нека ви додели уште некои средства кои што ви се малку и нека ви се зголемат платите на вработените во полицијата, а ние како Парламент, еве јавно кажувам даваме подршка во таа насока.

Меѓутоа, тука има едно друго прашање, кое што не е решено, а кое што постојано произлегува како барања и како јавувања од страна на поединци, односно голем број на лица кои што се вработени во Министерството за внатрешни работи, а се работи за прашањето на бенифициран стаж.

Согласно досегашните законски прописи, вработените во полицијата работеа на посебно сложени и тешки работни места затоа што беа изложени на директни опасности за нивната лична, физичка и друга безбедност. Бидејќи со досегашните позитивни законски прописи тие имаа бенефициран стаж односно за една година стаж им се даваа уште три месеци дополнително заради тежината на нивната работа, со донесувањето на Законот за работни односи тој стаж фактички не им се признава, затоа што во Законот за работни односи единствен услов за одење во пензија се годините на старост и како минимален услов се 15 години работен стаж, што значи може да се доведеме во една ситуација еден вработен полицаец во полицијата, кој што се вработил во полицијата на 17 годишна возраст, на 64 годишна возраст колку што треба да има за да може да оди во пензија, да има 47 години стаж, доколку тоа не биде на дециден начин решено согласно овие прописи, односно да се знае дека тој бенефициран стаж кој што го имаат може да го користат врз основа на посебен закон надвор од Законот за работни односи. Има забуна во однос на ова прашање и ова го кажувам врз основа на јавувања кои се од вработени во Министерството за внатрешни работи, кои исполнуваат услови за пензија или треба да исполнат за некој период, ама бидејќи сметаат дека стажот не претставува услов согласно Законот за работни односи, стравуваат дека нема да им биде овозможено да го остварат правото на пензија, а верувајте, на 60 и некоја година некој да биде полицаец навистина не е лесна задача и не може со успех да ги обавува работите кои му се дадени во надлежност.

Затоа, сметам дека ова прашање треба на јасен начин да биде решено и да не се доведуваат вработените во полицијата во една состојба на забуна.

Поради сите овие причини кои ги кажав сметам дека можам да дадам едно охрабрување на Министерството за внатрешни работи да ги прифати овие забелешки, да поднесе предлог за изменување на Законот за локална самоуправа или пак да го усогласи овој закон со Законот за локална самоуправа, да ги покачи сега платите на вработените во Министерството за внатрешни работи, не мора да го чекаме донесувањето на овој закон и на тој начин навистина сите како Парламент тука да дадеме целосна поддршка на имплементацијата на одредбите од овој закон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за полиција.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за полиција, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата пред да го ставам заклучокот на гласање.

(По пребројувањето од страна на службите)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Само еден од дискутантите што дискутираа до сега го гледам во салата.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум за гласање).

До сега немаше доволно пратеници, а сега имаме повеќе од 70 пратеници.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 63 пратеници гласале за, 3 воздржано и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за филмскиот фонд на Република Македонија.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на р аботните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски. Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувани министри, почитувани колеги, еве, пред нас имаме Предлог за донесување закон за филмскиот фонд на Република Македонија.

Мислам дека и ова е еден од законите кои ни се нудат и за кои се говори дека се дел од нашиот систем и од нашиот процес за влегување во Европската унија, дека со начинот на формирањето на овој филмски фонд во основа ќе се обезбеди една можност за Министерството за култура преку овој филмски фонд да направи нешто во областа на филмот, што во последните години, не говорам за последните три туку последните 15-20 години не направи ништо. Мислам дека и ова што се предлага како решение апсолутно, можеби само во делови каде што треба да бидат згрижени делови од вработените во Министерството за култура или она што треба да значи, како што во самиот Предлог за донесување на закон се кажува дека со ова се скратуваат дискреционите права на министерот, не говорам за господинот Благој Стефановски, говорам за министрите кои ќе бидат министри за култура вклучувајќи го него како прв, затоа што овој фонд според она што треба да функционира и како што треба да функционира, барем тој прв дел од она што треба да значи скратување на ингеренциите на министерот не можам да го видам - се потрудив во поголем дел од видувањата, мислам дека голем дел од нив остануваат и за разлика од тоа, директорот на овој фонд добива, јас така би ги крстил, дискрециони права во однос на определени комисии, во однос на она што тој ќе може да работи, како ќе може да работи и со кого ќе дефинира и како ќе може да ја завршува работата во фондот. Овие две дејности за кои во самиот извештај што го поднесе министерот и за кој што говореше, начинот на кој што ќе се формира фондот мислам дека има доста аномалии, гледајќи го првото читање на текстот на законот. Имам доста забелешки по повеќе членови за кои ќе проговорам и после ова читање мислам дека министерот и Министерството за култура ќе најдат сила дел од нив да бидат вградени понатаму во Законот за формирање на овој фонд, затоа што формално правно до сега видовме дека се формирале многу вакви фондови или регулаторни комисии или некои комисии, извршн бироа со кои требаше во определен момент, определен број луѓе да го решат своето вработување и да бидат префрлени од едно на друго работно место, со тоа што ќе функционира така како што ќе функционира. Од друга страна говориме за Европската унија и ослободување од некои стеги кои до сега беа обврзувачки за оние кои работат посебно во филмската област, но такви ослободувања тука немаме. Дури во некои членови стриктно се покажува дека ќе треба да се соработува или функцијата на оној што сака да сними филм во Република Македонија ќе дојде во ситуација да биде загрозена од повеќе случаи и во повеќе ситуации. Како и секогаш би сакал да бидам конкретен и да почнам со она што значи текст на законот.

Би почнал со членот 4 од првиот дел, каде што се општите одредби, а од членот 4, ставот 5, каде што се вели: "На Програмата од став 1 на овој член согласност дава министерот за култура",а ставот 1 вели: "За извршување на работите од член 2 на овој закон фондот донесува до крајот не тековната година за наредната година годишна програма за финансирање на филмски проекти и унапредување на филмската дејност во Република Македонија". Значи во ставот 1 стои дека фондот може да донесе програма, но во ставот 5 стои дека мора да добие согласност од министерот за култура. Значи тоа е право на министерот за култура, дискреционо право со кое тој може да одобри или не мора да ја одобри програмата која му е понудена. На овој начин мислам дека апсолутно кај правата на министерот немаме никакво кратење.

Понатаму, во членот 5 каде што се зборува за средствата за основање и работа на фондот, во став 2 се вели: "Средствата потребни за основање и работа на фондот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за култура во износ утврден во Буџетот на Република Македонија за тековната фискална година". Тука повторно говориме за Министерството за култура, говориме за истите пари и јас не видов некаде, освен во еден дел каде што се говори за финансирање на фондот, во кој се поставени некои минимални средства, за кои незнам дали Министерството има некоја пресметка колкави се тие средства и колку ќе може фондот да добие од тие средства, затоа што се работи за околу 2%, но за тоа ќе говориме кога ќе дојде тој член, мислам дека повторно и во овој став 2 од членот 5 министерот и Министерството ги одобрува средствата потребни за основање и работа на овој фонд. Повторно е министерот тој што кажува и за почетокот и за работењето на фондот и тоа е повторно негово право, определбата е како тој и дали ќе каже или нема да каже.

Понатаму се вели: "Во средствата за надоместоците кои фондот ќе ги стекнува" - значи станува збор за надоместок од 2% од прометот остварен со продажба на кино билети, јас незнам дали Министерството има некоја претстава што функционира во моментот во Република Македонија како кино. Мислам дека филмската продукција во Република Македонија е сведена на минимум, дека многу кина за кои пред 15 -20 години се бараше билет повеќе, освен во Скопје неколку кина кои и денес работат, во останатиот дел на Република Македонија таква работа нема, министерот многу убаво знае и за Битола, каде од 4-5 кина, доколку не се Манакиевите средби и сега инцидентно прикажување на некој филм во Домот на културата, кој единствен не беше за филмско прикажување, овие средства мислам дека се минимални и многу малку ќе може да придонесат за фондот, затоа што ако фондот го формираме за снимање на филмови, ако фондот е предвиден да ја зголеми филмската продукција на Република Македонија да задржи некој континуитет и самите знаете колкави се средствата и колку средства се потебни за снимање на еден филм.

Ова што тука го нудите апсолутно мислам дека се минимални средства и дека тоа не ќе може ништо да задоволи.

Понатаму, членот 9 став 2, во ставот 1 кажувате средствата на фондот се користат за финансирање на филмските проекти што се од национален интерес во Република Македонија.

Ставот 2 говори, по исклучок, согласно програмата, фондот дел од средствата може да ги користи и за проекти за подршка на под 1 на дистрибуцијата и кино прикажување на филмови во Република Македонија, на културни активности поврзани со филмот како учество на фестивали и други слични манифестации за презентирање на филмовите, што гледајќи наназад и филмови што не се снимени во Република Македонија токму при презентацијата забелешките и на новинарите и на граѓаните на Република Македонија се или не знаеме да ја направиме таа презентација или имаме толку претставници при презентирањето на тој филм така што едноставно не може да се поврзе со значењето на филмот и она што ние го презентираме.

Тука имам една забелешка, не по исклучок, треба да биде правило, алинеа 3 и алинеа 4 од ставот 2, дел од средствата треба да одат на аматерските филмски здруженија, затоа што нивниот начин на финансирање и нивната работа апсолутно не е подкрепена со ништо, тоа е алинеата 3 и алинеата 4 - филмови на млади и талентирани автори. Тоа го покажавме на многу фестивали до сега каде филмови на наши млади режисери, филмови кои добиле доста награди и за кои едноставно се кубури за средства и истите се побаруваат од спонзори кои ги имаме или ги немаме и самите творци знаат дека е многу тешко да се сними еден филм и на овој начин, доколку овие средства од фондот, а се надевам дека ќе ги има повеќе и министерот ќе се избори во Буџетот на Република Македонија за оваа година да ги има многу повеќе затоа што ако ги оделува од постојниот Буџет на Република Македонија за Министерството за култура, мислам дека тие средства ќе бидат минимални и дека со тоа не ќе може ништо ни да се почне ни да се сработи.

Понатаму во надлежностите на фондот, тоа е членот 10, фондот ги врши следните работи, во алинеа 7 повторно имаме - предлага на министерот за култура критериуми и мерила за доделување на средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на филмски проекти. Ако се вратиме на почетокот каде кажуваме дека стручност, професионалност, транспарентност, одговорност на работењето и постигнатите резултати, сето тоа е работење на фондот, повторно доаѓаме до тоа дека сите тоа мора да го направат и да му предложат на министерот критериуми и мерила за доделување на средства кои министерот апсолутно треба да донесе одлука и негова е одговорноста, негово е правото, ова не би го ставал во дискрециони права, но тоа е негово право дали тој ќе ги одобри или нема, значи фондот апсолутни е аут и повторно доаѓаме во ситуација министерот за култура да ги прифати или да не ги прифати овие критериуми.

Понатаму алинеа 13 по мене има повторно ограничувачко дејство, соработка со МРТВ, другите телевизиски куќи, со другите филмски продуценти околу продукцијата и пост продукцијата на филмската продукција. Дали на старт треба да ги исклучиме странските продуценти или мора да се работи со МРТВ и телевизиските куќи кои некој ќе ги припише во дадениот момент дека се тие основните според кои и со кои ќе треба фондот да соработува.

Членот 11, уште една колизија каде повторно гледаме дека за ова што говориме, доаѓаме до ставот 2 и ставот 4.

Членот 11 став 2 говори дека фондот е самостоен во својата работа. Фондот има статут кој треба да функционира, но во ставот 4 согласнот на статутот дава министерот за култура. Како ќе биде самостоен во својата работа каде што во статутот се утврдуваат организацијата, начинот на вршење на дејноста, седиштето на предметот и други прашања, мислам дека на крајот ако тоа министерот не го потврди, повторно од таа самостојност апсолутно нема збор. Значи, без согласност на министерот повторно имаме ситуација во која фондот не може ни да профункционира.

Во членот 13, претседателот и членовите на управниот одбор на фондот ги именува и разрешува министерот за култура со стручни и компетентни лица. Уште еднаш имаме ситуација во која министерот разрешува, именува и повторно е тој што кажува кој ќе биде претседател и членови на управниот одбор на фондот.

Управниот одбор на фондот, за појаснување на граѓаните се состои од пет члена, четворица се од редот на стручни и уметнички лица од областа на филмското творештво и еден од вработените.

Јас имам прашање дали треба да се додефинира во ставот 3, мислам дека ќе ми одговорите, претседателот и членовите на управниот одбор се именуваат врз принципот на стручност и компетентност и принципот на соодветна и правична застапеност за време од четири години и можат повторно да бидат именувани. Компетентност е збор за кој треба понатаму да кажеме, а кажавте некои критериуми по кои можат да бидат бирани, мислам дека во Република Македонија луѓе кои ги исполнуваат сите тие критериуми има многу малку, за жал, затоа што кажав последните дваесетина години се снимиле многу малку филмови така што со тоа можеме да бараме луѓе што сега се во пензија или се пред пензија и кои многу тешко можат да помогнат во оваа работа.

Другото прашање принципот да бидат повторно именувани, дали тоа значи само еднаш или повторно именувани останува за луѓето кои ќе бидат во фондот да бидат именувани 2,3 или

неограничен број пати. Дали тука имате ограничување или стои само повторно избрани. Тоа треба да го кажете вие.

Во ставот 4 алинеа 2, претседателот и членовите на управниот одбор можат да бидат разрешени и пред истекот на мандатот доколку алинеа 2 гласи: фондот не ја остварува својата програма, мислам дека тука треба да бидеме јасни и да дефинираме некои работи дали ова значи сите или еден по еден од фондот ќе бидат разрешени.

Вака како што ја читам алинеа 2 претседателот или членовите можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку фондот не ја остварува својата програма. Дали тоа значи дека ќе биде разрешен претседателот, целиот фонд, петте луѓе што го сочинуваат или по одредени области, мислам дека тука треба да има дефиниција кој за што е одговорен и кој за што може да биде разрешен. Вака е многу глобално напишано и вака одговорноста ја понесуваат сите заедно или никој. Мислам дека тука мора да има објаснување да се знае што и како.

Во членот 14 се говори за управниот одбор, јас имам забелешка на алинеа 9. Управниот одбор на фондот ги врши следните работи: одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот на фондот. Мислам дека тука нема втор степен управен одбор, бидејќи се работи за филмски проекти каде вредноста на овие проекти е многу голема, некогаш се работи за милионски суми дали е во евра, мора да има одлука на суд. Вака второстепена одлука, одлучува во втор степен за решенија мислам дека ги нема, директорот на фондот да, но никаде немаме правосилност и можност луѓето да се жалат на суд и на тој начин фондот дали е во право или не, да се донесе последниот став, врз основа на она што ќе го донесе судот.

Понатаму продолжуваме со она што значи член 15, со фондот раководи директор и повторно имаме став два, директорот на фондот го избира и разрешува министерот за култура по пат на јавен конкурс што се објавува во средствата за јавно информирање. Повторно директорот на фондот го избира министерот за култура и покрај тоа што во самиот закон кажувате дека министерот за култура ги скратува своите права, тука се работи за директор, управниот одбор мислам дека во голем број од овие фондови и управнит одбор е тој што ќе го одбере директорот или барем што имавме ситуации каде сами меѓу себе ќе го одберат директорот на управниот одбор.

Понатаму во ставот 4 алинеа 2 и 3, за директор на фондот може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови: да има најмалку пет години искуство во филмска дејност или реализирани најмалку пет филмски проекти, режија, монтажа, снимање, продукција итн. Мислам дека вакви луѓе во Република Македонија ги има многу малку што учествувале во најмалку пет филмски проекти, затоа што најголеми режисери имаат од два до три филмови режирано, а можеби монтажери и сниматели има повеќе така да ако е целта некој од нив да биде директор тогаш е во ред. Но мислам дека овие критериуми, апсолутно не се критериуми врз кои што ќе може да биде избран или не избран.

Во овој член 15 нудите алтернатива, алтернативата на ставот 2, или поточно втората алтернатива, значи после членот 15 се додава нов член. Тука имаме во ставот 5 кандидатите за заменик на директор на конкурсот задолжително да доставуваат свој предлог на програм за работа и развој на фондот. Со ова вие господине министре, веќе правиме да имаме два директори. Значи, едниот директор кој што исто треба да понуди во неговата програма, да ја понуди програмата врз основа на која што вие ќе лобирате и сега имаме ситуација каде што и кандидатот за заменик на директор на конкурсот задолжително ќе доставува свој предлог за работа и развој на фондот. Дали тие две програми можат да бидат во колизија, дали тие две програми треба да бидат заеднички, дали директорот и заменикот директор треба да размислуваат исто или нивната разлика треба да биде поголема за да можете да ги изберете или начинот на кој овие двајца ќе функционираат, понатаму е предвидено во членот, доколку директорот е заменет, вие во рок од 15 дена треба да предложите друг директор кој ќе ја продолжи работата, значи на овој начин оваа алтернатива, барем според мене, алинеата 5 од овој став во секој случај треба да отпадне.

Понатаму одиме на членот 18 став 1, алинеа 3, 5 и 7, директорот на фондот ја предлага програмата, предлага акт за систематизација на работните места и организација на работата, донесува акти во врска со работниот однос на вработените.

Јас мислам дека овие три ситуации треба да бидат припишани на управниот одбор и управниот одбор да биде тој што ќе ги донесува овие акти затоа што мислам е многу поприфатливо затоа што ако стои дека ги извршува одлуките на управниот одбор, без одлука на управен одбор вие да ги донесете актите за работниот однос на вработените како директор без потврда, мислам дека не функционира, барем правно колку што се разбирам, не сум правник, но знаејќи како другите претпријатија функционираат, мислам дека управниот одбор е тој што треба да решава или да не решава за овие работи.

За членот 19 за кој пред малку говорев каде што се јавува дискреционо право на директорот, директорот на фондот може да формира советодавни тела и да ангажира.. ..

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски, се извинувам, имаме не цела минута до 14,00 часот, колку отприлика имате да завршите или да продолжиме по паузата.

**Спиро Мавровски:** Имам уште пет - десет минути.

**Слободан Најдовски :** Сега ќе направиме пауза, а по паузата ќе продолжиме.

**Спиро Мавровски:** Добро, благодарам господине потпретседателе.

**Слободан Најдовски:** Објавувам пауза до 15.00 часот.

(пауза од 14,00 часот)

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседател, почитуван министер, почитувани колеги.

Јас гледам една сериозна проблематика која што ја разгледуваме денеска, а не предизвикува некој поголем интерес кај колегите пратеници, но во секој случај откако ќе се заврши оваа ситуација тогаш се јавуваат проблемите, тогаш ќе можеме да говориме за Буџетот, ќе можеме да говориме зошто министерот за култура нема средства, зошто не се реализирани одредени проекти.

Мислам дека токму со донесувањето на ваквите закони треба да му помогнеме и на министерот и на Министерството за култура понатаму да знаеме како пратеници што во таа програма што ќе ја понудат ќе можеме да ја реализираме и колку министерот за финансии е спремен и Владата на Република Македонија да одели вакви средства од Буџетот на Република Македонија, за снимање на пооделни филмови на кои што ќе се задржи филмското творештво.

Значи, јас би продолжил таму каде што застанав, членот 19, во кој што и за двата става имам посебно размислување.

Во ставот 1 - директорот на Фондот може да формира советодавни тела и да ангажира надворешни соработници за подготовка на програмата. Значи ова останува некое дискреционо право на директорот, и

Став 2 - членовите на советодавните тела ги именува директорот од редот на истакнати филмски работници и уметници по принципот на стручност и компетентност за време на мандатот на директорот.

Значи целиот овој член според мене, барем јас така го толкувам можеме да го гледаме и апроксоимативно, со самото доаѓање директорот може да ги формира овие тела и тие тела за време на неговиот мандат од 4 години едноставно да работат а за тоа Министерството за култура, понатаму кажува от каде ќе ги најде тие средства за да може да ги исплатува надворешните соработници, со тоа што има скратување од некои други делови од она што значи обврска на Министерството за култура, а дали таквите ги има затоа што од година во година ги гледаме буџетите кои што ги добива Министерството за култура и за жал истите се намалуваат.

Имам мала забелешка на членот 21 каде што во основ аможе да биде и може да биде клучна при доенсувањето и распишувањето на конкурсите. Со програмата од член 2 на овој закон за доделување на средства по конкурсот од член 21 став 1 на овој закон одлучува Управнио тодбор на предлог на директорот, што мислам дека е во ред.

Програмата треба да ја одразува мултикултурната димензија и мултикултурниот развој на Република Македонија. Дали со ова уште во старт дефинираме нешто што незнам колку Буџетот на Република Македонија или вие како Министерство за култура мислите да снимате филмови и колку ќе ги има тие и дали со ова веќе не вршиме притисок и дефинираме кој на тој конкурс треба да го добие делото кое што ќе се снима и дали секогаш ќе треба да правиме калкулации во кои што ќе се зборува за една единствена тематика која што многу потсетува на времето на братството и единството и кога тоа упорно се форсира. Мислам дека со тоа постигнуваме контра ефект, наместо да имаме развој и она што е тематика без разлика дали е од етничките средини во Република Македонија, или е за Македонскиот народ, апсолутно она што е вредно, она што ја развива културата на Република Македонија треба да дојде до израз, но на овој начин со самиот член 21 ние поставуваме во старт ограничување.

Понатаму, во членот 22 повторно минситерот за култура на предлог на Управниот одбор со акт повторно ги утврдува критериумите за финансирање на проектите и елементите што треба да бидат содржани во проектите. Значи, повторно министерот за култура го има правото на предлог на Управнио тодбо ртој да донесе последен збор и да пресече дали тоа ќе биде така како што кажал Управниот одбор на Советот на Фондот што ние го формираме и кој што треба да функционира. Мислам дека повторно имаме пропуст.

Во членот 23 имаме два става кои што според мене се во диреkна колаизија, ставот 2 и ставот 5. За што се работи?

На конкурсот не може да учествуваат филмски продуценти регистрирани за вршење дејност филмска продукција како трговци поединци согласно Законот за трговските друштва. Тоа е ставот 2.

Ставот 5 говори "на конкурсот за добивање на средства може да конкурираат само регистрирани продуценти кои самостојно ќе обезбедат удел во проект што не е помал од 20% од вкупната вредност на проектот".

Јас ќе запрашам дали продуцентот какотрговец поединец што е регистриран ако може да обезбеди 30 или 40%, или 75% од Фондот за филмот, дали тој го исклучуваме во старт и ние ќе бараме само регистрирани филмски продуценти кои што ќе треба да работат со Фондот, или начинот на кој што гледаме и како може тие средства да бидат дел од условите кои

што ги даваме на конкурсот ..., мислам дека еден од најважните фактори ќе биде токму тоа, обезбедување на финансиски средства со кои што филмот ќе може да биде завршен. Дали тие 20% гарантираат дека овој филмски продуцент што нее регистриран како трговец поединец може да го обезбеди сето ова и со своите 20% да придонесе да биде завршен филмот.

Мислам дека критериумот е многу погрешен.

Ставот 6 во истиот член 23 - продуцентите што добиле средства од Фондот под поволни услови можат да ги користат техничките услуги и на Филмскиот центар "Вардар-Фил"- Скопје. Значи тука имаме две работи кои што за мене, прво зборот "може" во старт уште треба да отпадне, затоа што кажувате продуцентите што добиле средства од Фондот под поволни услови, значи еднаш добиле средства под поволни услови можат да ги користат техничките услови и на Филмскиот центар "Вардар-Филм"-Скопје. Дали тоа значи дека уште еднаш ќе добијат поволниуслови, или пак со тоа што ќе соработуваат со "Вардар-Филм" добиваат најповолни услови за да ги надополнат првите поволни услови потполно.

Мислам дека вака има двосмисленост во самиот став и не добиваме права ситуација што всушност сакаме со овој став. Еднаш даваме под поволни услови и кажуваме да се користат условите од филмскито центар "Вардар-Филм". Можеби целта ви била некоја друга, но вака како што е напишано мислам дека е погрешно и дека мора да се најде начин каде што ќе се бара објаснување овој став да биде попрецизен, дефиниран како што е поставен.

Во членот 25, ако сите во светот и во нашата блиска околина се трудат да најдат продуценти кои што ќе снимаат во Република Македонија ние со овој член правиме нешто што, не знам, можеби минситерот има толку моќни продуценти во Република Македонија преку кои што ќе треба да се прават филмовите и колку ќе можат да се нарпават, не знам. Јас знам дека има најава и од локалната самоуправа од градот каде што доаѓам, некој предлага да има и филмски град, а со таква ситуација вие минситре апсолутно не давате никаква можност. Тоа е прво.

Второ, што е многу посериозно, мислам дека самиот член, јас ќе го прочитам, а вие понатаму ќе ми објасните за што и како се работи. "Филмскиот продуцент кој не е регистриран за вршење на филмска дејност во Република Македонија може, значи, зборот "може", да снима во Република Македонија само во копродукција со продуцент од Република Македонија". Тоа е ставот 1.

Став 2 "странски филм може да се снима на територијата на Република Македонија само врз основа на претходно добиена согласност од Фондот, по барање на продуцентот од Република Македонија". Сега се прашувам што ако Стивен Кулберт утре сака да снима филм во Република Македонија и не може да најде продуцент во Република Македонија,ниту го знае овој член од законот дека е обврзан да го прави ова и тогаш вие што ќе нарпавите. Во казненит еодредби, во членот 26 велите дека ќе го казните со сума од 100 до 200 иљјади денари. Сумата од 100 до 200 илајди денари мислам дека е смешна.

Прво, ограничувањето што го правимепреку странските продуценти е катастрофално за еден филм што може да кошта 100 милијони евра и од кој што Република Македонија може да има добивка од незнам колку пари, ние сега ќе го казниме со 100 до 200 илајди евра со тоа што, незнам можеби тоа што со самото поставување на камерите кошта повеќе одткolку оваа казна што тука е предвидена. Мислам дека членот 25 апсолутно треба да го бришете и да се даде можност, камо да имаме такви продуценти и од странство кои што ќе бидат заинитересирани да снимаат филмови во Република Македонија. Видовме што се случува кај нашите соседи, видовме колку филмови се снимаат во последно време во Република Бугарија, сега веќе во Хрватска, значи нивните технички услови до колку сме во можност како министерство да обезбедиме такви услови, технички услови кои што ќе ги понудиме на овие странски продуценти за да можеме да обезбедиме што повеќе пари од она што значи филм да останат во Република Македонија.

Мојата визија е таква, вашата не знам. Оваа казна во членот 26 од 100 до 200 илајди денари мислам дека за оној што веќе наумил да сними филм во Република Македонија ќе ви ги плати кога сакате и како сакате, апсолутно не е проблем.

И, преодните и завршните одредби, членот 28 на некој начин прашањето ми е дали со ова се завршува, или што е целта на формирањето на фондот.

Прво, ставот 1 мислам дека е техничка грешка во куцањето дека Фондот почнува со работ ана 1.1.2005 година, тоа сигурно ќе го поправите, но ставот 7 "вработувањата во Фондот ќе се обезбедат по пат на спогодбени превземања на соодветникадри од другите национални установи од областа на културата во согласност со законот и со актите за систематизација и организација на Фондот".

Токму овој дел ќе го нарпави она за кое што до сега говорев, а тоа е дека ќе бидат одбрани оние луѓе кои што во дадениот момент треба да ја решат својата егзистенција, а на кој начин и како вие подобро знаете од мене, можеби ги знаете и луѓето, затоа што во целта на наведувањето на односите кажувате дека Фондот кој што ќе биде формриан ќе биде многу ограничен, значи со мал број на луѓе и тоа: директор на фондот, координатор за промоција и продажба, правник, раководител по финансии, сметководител и технички секретар.

Јас ќе прашам затоа што понатаму имаме потребни финансиски средства каде што всушност е основата на формриањето на

овојфилмски фонд. До колку нив ги немаме другото, дали ќе имаме директор, дали ќе имаме правник, дали ќе имаме технички секретар апсолутно е небитно, битно е дали ние ќе имаме финансиски средства сето тоа да го преточиме во дело. Ако е фондот само за овие 6-7 луѓе и техничките служби од "Вардар-Филм"кои што треба административно понатаму да се грижат тогаш можеме слободно да кажеме дека таа е целта и тука да заврши приказната, да не очекуваме дека утре ќе почнеме да снимаме филмови дека во Буџетот во месец декември вие, очекував и минатиот пат ќе побарате многу повеќе средства,ние како опозиција да ве пдоржиме, затоа што веќе има голема празнина во филмското творештво и Република Македонија треба нешто да преземе затоа што пробелмите се големи.

Ме изненадува тоа што имате дури реченица дадено како објаснување дека средствата што фондот нема да ги распредели со програмта можат да бидат орочени во банка.

Да останат средства во ваква ситуација и да ги орочиме во банка мислам не да не се случило, нема ни да се случи, а уште помалку освен ако не направиме ништо во текот на годината, ако парите ги чуваме да ги орочиме тогаш се ќе биде во ред. Мислам дека и времето во кое штокажувате дека актите и критериумите за фианнсирање на прокетите и елементите што треба да бидат содржани во проектите ќе бидат донесени за 6 месеци, гледајќи го искуството на досегашните подзаконски акти кои што ги носат останатите министерства мислам дека 6 месеци ќе биде мал период и дека ќе ни треба повеќе време до колку сето тоа до сега не е сработено и сега почнува наново да се работи. Мислам дека тука треба да се води целата битка.

На крајот, потребните финансиски средства, ќе кажам уште еднаш, ако е сето тоа што на ваков начин е кажано во ова што вие ни го објаснувате, да бидат наменети за фианнсирање на дејнсоти на фондот тогаш од Буџетот на Република Македонија за филмска дејнсот од претходната година останува средствата кои што вас ви се дадени како Министерството за култура и од кои што имате посебен дел за филмска дејнсот, ако се тие средства мислите дека овој фонд ќе функционира и ќе донесеме ситуација да можеме сите заедно да правиме нови филмови мислам дека тука апсолутно имаме голем проблем и јас уште сега ќе викажам дека вие како министер ќе мроате да побарате многу поголем фонд на пари со кој што овој фонд би требало да работи ако сака да си ја работи својата работа, затоа што на крајот и самите кажувате и самит еефекти кои евентуално би произлегле од формирањето на Управниот одбор комисиите и други тела, именувања на надворешни соработници Министерството за култура ќе настојува да ги надомести преку испитување на можностите за заштеда на средства од веќе постојните програми на Министерството за култура и дејностите од областа на културата. За мене туак завршува.

За мене ова е можеби убав закон вака напишан, ќе се формира фондот во секој случај, ќе работат 4-5 луѓе и од ова колку ќе има ефект за Република Македонија, колку ќе има ефект кај Министерството за култура мислам дека ќе биде минорен и повторно ќе се среќаваме со исти ситуации кога наши истакнати врвни режисери ќе снимаат некаде надвор од оваа држав, ќе добиваат награди, а ние после ќе ги потрошиме средствата да присуствуваме на нивните промоции по филмските фестивали низ светот покажувајќи дека тие луѓе се членови на Македонскиот народ или на заедниците, тие потекнуваат од Република Македонија.

Мислам дека е време Република Македонија да најде начин да овозможи средства со кои што ќе нарпавиме нешто во филмското творештво со тоа што и самите ќе бидеме истакнати пред Европа и пред светот ис о тоа да се доближиме на генералната политика која што партиите на власт ја кажуваат цело време дека сме блиски до Европската унија и НАТО структурите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор минситерот за култура, господинот Благоја Стефановски.

Повелете господине Стефановски.

**Благоја Стефановски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Желбата ми е да кажам неколку факти кои што се во интерес на ова што денес го говориме за да нема некои погрешни асоцијации. Ова не е реплика што господинот Спиро Мавровски го кажува, јас сум човек кој што сака да потсети на некои работи.

Значи, почнувајќи од 2001 година со филмот "Прашина", во кој што се знаеше нашиот удел денес на пример ние имаме повеќе од 13 филмови завршено. Само сега макеоднски филмови кои што добиле награди до сега и за кои што се смета апсолутно дека се лидери не само на Балканот, туку и во Југоисточна Европа наградит ена филмот "Илузија", на филмот "Балкан Кан", на филмот "Големата Вода" и филмот "Контакт" се наоѓаат на најголемите фестивали во светот.

Можам поединечно да ви кажам каде се и каде освоиле награда оваа година. Впрочем тоа не е нешто што не може да се потврди и со факт.

Во минатата година исто така снимивме два филма. Едниот е во копродукција со единаесетина земји и парите останаа тука. Повеќе од 2,5 милиони евра останаа со филмот "Караула", филм на кој јас бев на копродукцијата во Љубљана и мислам дека е филм кој идната година ќе биде обележан на Европскиот фестивал. Тоа се прогнози.

Четири филма се во фаза на продукција оваа година. Тоа е филмот "Папокот на светот", потоа

од Милчо Манчевски "Коски" што исто така ги затвораме, бидејќи со начинот на финансирање преку Еуромаш не може ако нема затворена финансиска конструкција. Филмот "Дел од Балканот не е мртов" за кој бараме партнери, француски и некои други и вториот филм на Лабина и Теона "Јас сум од Титов Велес" кој веќе е во завршна фаза. Добивме такви копродукциски средства и мислам тоа ќе биде исто така следната година.

Од филмовите кои не ги спомнав, знаете минатата година беше филмот на Теона и деновиве веќе ќе конкурира по фестивалите "Тајната книга". Значи ние немаме незавршен филм. Некои филмови се нарекуваа загубари, меѓутоа со истрајност и барање на продуценти кои се професионалци, а не од тој тип поединци кои што ги заглавија.

Јас тука можам да му се заблагодарам на претходниот министер, госпоѓата Ганка Самоилова која исфинансира лавовски дел на четри филма кои се на показ. И тие исто се од овие филмови. Два се од овие, некои, еве како "Тајната книга", ќе го видат денот на јавноста и тогаш ќе дојде судот на стручната критика и судот на публиката. Јас не можам околу тоа да говорам. Значи ние имаме експанзија на македонскиот филм. Тоа го говорам секаде.

Фондот е точно наменет, затоа што ние сме членка на Евромаш. Значи нема друго фондовско финансирање во опкружувањето и подалеку. Европа не познава други. Има каде што се под Министерството, има посебни фондови каде за жал знаете во Македонија фондовите кои се посебни ни избегаа од контрола и направија загубари. Во Владата има дилеми дали на тој начин треба да се оди. Напротив, јас нема да бидам министер 2007 година, некој друг ќе управува, значи ниту сакам да ги продолжам ингиренциите па да владеам со тоа. Јас ја прифатив дифит програмата дека треба деконцентрација на она што министерот одлучува. Овде алтернативи има врз сугестија на филмски работници, јавната дебата и многу други работи. Сите овие сугестии јас ќе ги вградам, ниту сакам да држам монопол, ниту имам таков интерес. Се работи за огромни средства, најповеќе во филмот и тука се сите проблеми затоа што јавноста се плаши. Наводно сите проблеми во филмот посебно се фокусирани како да има таму некакви замајувања и затајувања на огромни средства, затоа што еден филм. Знаете ние го потпишавме Законот за копродукција 2003 година затоа што не може една мала земја да сними филм за помалку од пет години. Нема такви средства. Оттаму тоа е е неопходен начин на здружување. Сите национални установи, таков е Законот за култура ги држи директорот, меѓутоа тоа не значи дека со нив владее, има управни одбори. Меѓутоа може и апсолутно да се стави како што и во некои земји се ставени, сите фондовски се, дури нема министри за култура, значи фондовски се определуваат средствата, а можеби во министерствата ако се задржиме се законите што се донесуваат. Таков впрочем беше можеби и до 1991 година кога едно тело кое беше Министерство за наука, образование и култура, таму беше законодавното, а овде беа СИЗ-овите. Републички беа фондовите. Не е тоа нешто измислица што сега ние сакаме да го примениме. Затоа имаме алтернативи, да видиме што е најдобро и да биде нешто што го има во опкружувањето. Инаку Еуромаш зошто ќе ни дава средства за копродукција ако ние не сме на таков начин организирани и некоја гаранција тој фонд да не може максимално да се намалува. Факт е дека се намалуваат средствата и ние немаме гаранција со копродуцентите дека тој фонд ќе издржи. Заради ребаланси и некои други, ние сакаме да го фокусираме и да го тргнеме надвор од тој дел на управувањето.

Повторно сакам да ви кажам дека е добро таа пролет на македонскиот филм ние треба да ја задржиме и да ја зголемиме. Тоа ни дава за право бидејќи станавме такво опкружување во кое сакаат регионално да се поврзуваме. Босна впрочем го постави тоа и веќе го потпишаа многу земји, иако таа идеја потекна од овде. Меѓутоа Босна вложи многу повеќе средства и веројатно ќе го има делот на тој регионален принцип на здружување на овие земји во вид на фонд.

Јас би ги повикал, без разлика, да бидете растоварени нема да патувам никаде, ако е тоа играта околу ова. Јас во писмена форма, се што е квалитетно, ќе го поддржам и немам причина да се однесувам околу тоа, не знам од некаков агол како вие ќе го наречете, туку напротив сакам подобар закон кој закон потоа ќе биде делот на луѓето кои ќе се занимаваат понатаму со оваа работа. Зборувам за тие за кои Спиро говореше, младите поколенија. Меѓутоа тие треба да бидат какви продуценски куќи, да не бидат како трговец поединец, на еден човек му даваш, не знам, 300 илјади евра. Под 1,5 милиони и не може филм да се направи. Сега за разлика се и поголеми средства каде, знаете доаѓаше до непријатни ситуации. Меѓутоа, семтам дека сме на прав пат, дека ги одигравме тие нешта, дека и тие заблуди на едно време веќе не можат повеќе да поминуваат. Еуромаш, впрочем оваа година во мај месец бившиот министер на Франција беше претседател на тој фонд и една од петте сесии беше овде во Скопје. Ние сме партнери и сакаме на овој начин да партиципираме за да не се доведува во прашање нашето членство во Еуромаш. Од Европската унија средства каде се добиваат и се искористени се точно во филмот, во овие две години.

Филмот на Сергеј Станоевски "Контакт" кој сега е во главната програма во Сан Пауло и филмот "Караула. Се надеваме од овие филмови што ќе излезат на таков начин заокружени, претпоставувам за филмот на Милчо Манчевски а и за другите дека има дилеми иако веќе филмот на Теона и Лабина веќе доби средства од друга европска фондација. Тоа ми беше мислата. Има забелешки сигурно кои држат. Се смета дека

добро е директорот и претседателот на Управниот одбор да го имаат тој вид на перфоманс кој важи да снимил и да учествувал во пет проекти. На било кој начин се учествува во проекти. Може да биде монтажа, може да биде камера и тн. Има такви луѓе. Меѓутоа можеме да го сведеме на помала мера. Тоа не е правено заради некој да се избере. Меѓутоа имаме ние наши луѓе кои учествуваат во странски продукции, директори на фотографии имате. Тоа е проблем кој можеме да го договориме.

Јас уште еднаш би сакал да ве убедам дека овој закон за филмскиот фонд е една од фазите каде ние во културата треба да одиме во деакумулација на она што министерот последните години би го правел и на други фондови. Тоа добро беше поставено како прашање на Комисијата за култура. Јас би бил благодарен како човек ако тоа го извлечеме и го направиме кај сите и од театар и од библиотеки, издаваштва, да направиме такви фондови кои стручните луѓе ќе ги распоредуваат, а делот на политиката преку министерството ќе се спроведува во вид на законските регулативи за кои во Парламентот ќе се гласа.

Мислам дека е депласирано и ние како Влада и јас како министер и делот на Парламентот да разговараме кој филмски проект ќе биде тука. Тоа ни на крај памет не ни доаѓа. Меѓутоа алтернативи мора да даваме. Кај нас на буквата "Ф" сега секој реагира негативно. Се направија такви узурпации во сите фондови и сега штом е фонд секој реагира, не сака иако причината зошто го донесуваме, ја кажав и има сосема поинакви побуди зошто сакаме да го донесеме овој филмски фонд. Ова е прва фаза. Да ве убедам дека тоа ќе го направиме на најпрофесионален начин и повторно во јавна дебата со стручните луѓе, филмските работници, сите луѓе кои се заинтересирани, повторно ќе ја изведеме постапката како што беше при оваа прва фаза.

**Слободан Најдовски:** Влагодарам господине министре.

Господине Мавровски повелете три минути реплика.

**Спиро Мавровски:** Почитуван министре, јас мислев дека ќе можете да кажете нешто повеќе во врска со законот и забелешките, но во секој случај сакам да ве убедам дека тука нема апсолутно ништо лично. Тоа е прво.

Второ, вашето патување можеше да биде реализирано. Министерството за култура сигурно има претставник тука, така што нашите забелешки сигурно ќе ги прочитавте па дел од нив можевте да прифатите.

Набројавте многу филмови кои се снимени, кои се гордост за Република Македонија и со ова апсолутно се согласувам. Но, не кажавте она што нас како пратеници не интересира, а тоа е колку средства Министерството за култура вложило во овие проекти и колку средства се дадени за овие филмови да го носат она што значи направено во Република Македонија. Тоа беше многу поинтересно за граѓаните.

Говорите дека оваа година немаме завршен филм. Веќе е месец ноември, значи поминале 10 месеци а ние немаме завршен филм. Тоа е ваш одговор што сега го кажавте. Дека имаме експанзија на македонскиот филм, очекуваме да се заврши многу копродукции.

Во однос на програмата кажувате дека сте надвор од контрола, но ситуацијата вие сте Влада, вие сте тие што треба да ги контролирате фондовите. За тоа постојат Министерство за финансии, Антикорупциска комисија, Комисија за перење на пари и уште не знам колку такви комисии што тврдите дека на овој начин не можат да функционираат. И никаква гаранција не е дека вие ќе добивате правилни информации и дека фондот, до колку се наоѓа под Министерството за култура, ќе функционира како што треба.

И на крајот, она што го кажавте дека имаме потпишано и овој Парламент го одобрил Законот за копродукција. Јас затоа ви говорев за членот 25 каде странски филм не може да се снима. Мислам дека повторно тука, јас стојам на моето становиште, или треба ова да се допрецизира, да се најде прав начин, вака како што е напишано во членот 25 мислам дека не е во ред. Камо таа среќа да најдеме луѓе затоа што оваа казна од 100 до 200 илјади денари, кажав дека, за еден филм како што и самите кажавте, чија вредност е 1,5 милиони евра, е смешна ситуација, така што секој од нив многу лесно ќе ја плати.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете господине министре, една минута контра реплика.

**Благоја Стефановски:** Сакам уште еднаш да објаснам дека сите филмови се завршени. Еден филм се подготвува повеќе години. Значи последниот завршен филм е "Тајната книга" за кој знаете имаше подолг процес заради некои несреќни продуценти кои беа во филмовите, а последните филмови "Балкан кан" кој е како македонско-италијанска копродукција и филм кој е македонско-германска копродукција и средства на Еуромаш е филмот "Контакт". Филмот "Караула" исто така е завршен, меѓутоа се чека прикажување на "Тајната книга" и "Караула", затоа што се чека верификација на еден од големите европски фестивали. Тоа е дел на политиката.

Уште еднаш да кажам, средствата, после "Прашина". Значи "Пред дождот" имаме некаде 0,5% македонско учество, во "Прашина" има 10% учество, колку што јас знам. Во сите други филмови учеството е над 30%, а некаде можеби и повеќе. Меѓутоа се трудиме учеството на македонскиот денар кој годишно изнесува од 90 до 120 милиони во овие последни буџети е секогаш над 30%.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Продолжуваме натаму со расправа.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници, претставници на Министерството за култура.

Би сакала да дадам неколку свои видувања во однос на Предлогот за донесување на закон за филмски фонд на Република Македонија.

Имено, фондовскиот начин на финансирање на филмската дејност не е никаква новина, ниту во Европа, ниту пак како идеја не е новина во Македонија. Значи е идеја која постојано подолго време и мене навистина ми е драго што со овој Предлог за донесување на закон таа идеја се реализира.

Либералната партија ќе даде поддршка на Предлогот за донесување на овој закон, а притоа би сакала да изнесам некои свои забелешки кои пред се одат во правец на подобрување на текстот на законот, кои пред се ќе се однесуваат на органите на фондт, бидејќи за оној другиот дел, за жал, не сум многу стручна.

Во членот 11, последниот став 4 вели дека согласност на статутот дава министерот за култура. Тоа за мене е неприфатливо од една проста причина.

И во самото образожение е најавено дека деконцентрација на надлежностите на Министерството за култура треба да има, а со ставањето на тоа за статутот да дава мислење министерот, не е во правец на деконцентрација, бидејќи министерот со ваквата одредба може да го крои статутот по свој терк. И од правна гледна точка статутите се во согласност со законите. Значи нема потреба тука некој надреден да дава согласност, туку статутот кој ќе биде изготвен и донесен од оној кој е надлежен да го донесе, треба да биде во согласност со закон. Затоа предлагам да се избрише овој став. Не е потребна посебна согласност од министерот за донесување на статутот.

Како орган на фондот, Управниот одбор на фондот се предлага претседателот и неговите членови да ги избира министерот за култура, исто така и да ги разрешува. Тоа е во ред. Меѓутоа во вториот став се вели дека Управниот одбор на фондот го сочинуваат пет члена, од кои четворица се претставници од редот на стручни и уметнички лица од областа на филмското творештво и еден член е претставник од вработените во фондот. Меѓутоа Управниот одбор има и свој претседател, што е јасно во првиот став. Значи овде треба да се преформулира и да се внесе и претседателот затоа што претседателот исто така е член на Управниот одбор и тој исто така гласа за одлуките на Управниот одбор. Вака поставено, значи 4+1, каде е тогаш претседателот на Управниот одбор. Ако го внесеме и претседателот, вака како што е поставено, ќе бидат 6, а правилата велат дека секогаш, поради процесот на одлучување треба да бидат непарен број на членови. Мислам дека тука е направен пропуст и тоа треба да се преформулира и да влезе во бројката од пет, значи да влезе и претседателот на Управниот одбор.

По однос на изборот на директорот за Управниот одбор, по мое поприфатлива е алтернативата што е дадена, односно директорот на фондот да го бира Владата, по предлог на министерот. Бидејќи не е во ред министерот да ги бира и членовите на Управниот одбор, заедно со претседателот на Управниот одбор и директорот на фондот, заради воспоставување на еден механизам на поширока контрола за работењето на фондот, мислам дека Владата е таа што треба да го бира директорот на фондот и нормално со извештаите кои ќе ги дава за своето работење, ќе биде пошироко информирана Владата, со оглед на тоа што парите, најголемиот дел, се одвојуваат од Буџетот на државата и потребно е државата да има увид во работењето, а со фондот секако раководи директорот и тој е најупатен за работењето и како се трошат средствата на фондот и за целокупното работење на фондот. Значи, за мене е поприфатлива алтернативата што е дадена во ставот 2.

Апсолутно не се согласувам со постоење на заменик на директорот на Фондот. Ценам дека нема никаква потреба да постои место заменик директор на фондот, бидејќи ниту во Фондот, ниту во предлогот што е даден немаме никакви надлежности на заменикот. Тој е само една фигурар што, по претпоставка, би го менувал директорот во негово отсуство. Уште по интересно е што условите и критериумите што треба да ги исполнува лицето и за директор и за заменик се апсолутно исти. Нема никаква разлика. Зошто вие, ако ги исполнувате критериумите да бидете директор, би посакале да бидете заменик? А, при тоа, нема никаков опис кои се неговите надлежности. Мислам дека не е потребно да постои заменик директор на Фондот.

Сега, околу условите што треба да се исполнат од лицето кое може да биде избрано за директор на Фондот. Наведени се високо образование, пет години искуство во филмска дејност, и реализирање најмалку пет филмски проекти, па во заграда се дадени: режија, монтажа, снимање продукција итн. На самата Комисија малку дојде расправа околу ова што е ставено во заграда. Мислам дека треба да се избрише и само да останат пет филмски проекции. Јасно е што се влегува во филмски проекции.

Можеби може да се размислува и за три. Колку што јас имам инфорамции, имаме само двајца или тројца моментално во државата. Можеби моите информации не се точни. Само толку може да одговорат на ваквите услови. Можеби и треба да се поразмисли за следната фаза дали може да се оди со три филмски проекции.

Во членот 16, се предвидени начините како може да биде разрешен односно кога. директорот на Фондот пред истекот на неговиот мандат, по негово лично барање, а под точките 2. и 3. , ако

по негова вина фондот не ја остварува програмата за работа, ако по негова вина е нанесена штета на Фондот.

Ваква формулација, верувајте ми, никаде не сум сретнала до сега во законите, бидејќи вината е нешто што се утврдува на суд. Не можам да замислам дека ќе треба да чекаме сега некоја судска одлука за да утврдиме дека тој е виновен за нереализирање на програмата, па да го разрешиме. Сето ова треба да се преформулира, бидејќи програмата ја предлага директорот, оди на предлог на директорот, ја носи управниот одбор, па можеби треба да се размисли за формулација ако не ја реализира програмата. Или, во таа смисла. Меѓутоа, ако по негова вина не се оствари програмата, навистина според мене не е ниту правнички издржано, бидејќи виновноста секогаш бара одлука, да се утврди дека постоела вина. Тука треба да се размисли за преформулирање на причините за разрешување.

Во членот 18, директорот на Фондот ја води работата на фондот, ова е неусогласеност со членот 15, за тоа што таму вели раководи со фондот, значи директорот раководи со Фондот. Мислам дека терминолошки ова треба да се усогалси и овде треба да стои не да ја води рабоата на Фондот, туку дека директорот го раководи фондот. И во членот 15 се користи изрзот раководење на Фондот.

Тоа беа некои мои размислувања за некои недоречености што се појавија во Предлогот за донесување на закон. Се разбира дека предлагачот ќе ги разгледа, ќе ги усогласи и во следната фаза ќе добиеме поквалитетно изработен текст. Инаку, целата концепција на законот, кажав и на почетокот ја подржувам, тоа е идеја што е начин, модел што опстојува во повеќе држави во Евроопа и што се покажал многу ефикасен и покрај она што министерот го истакна како страв од фондовскиот начин на работење во Македонија, поради низата злоупотреби што се направиле во одредени фондови. Се надевам дека овој фонд нема да ја има таквата судбина и дека многу ефикасно ќе работи и ќе придонесе за подобри денови и продолжување на она што филмот го доживувал следните години.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Михајловски Јордан.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван господине потпретседател, почитуванминистре,

Можам да кажам дека ова е Предлог на закон за основање на филмскиот фонд што наиде на општо задоволство при неговото разгледување во Комисијата за култура. Иако имаше одредени забелешки, Комисијата за култура начелно даде поддршка на овој закон без никаква резерва, без ниту еден глас ротив и од позицијата и од опозицијата. Тоа значи дека е сфатена суштината на овој закон, што во иднина треба да биде и треба да претставува фундамент на македонското филмско творештво.

Инаку, можам да кажам дека она што е суштината на законот е,

Како прво, усогласување со европското законодавство. Ќе потсетам дека ова Собрание во 2003 година ја прифати Конвенцијата за копродукција во киноматографијата, што значи во моментот на донесувањето на овој закон ќе биде компаративен дел на европското законодавство.

Инаку, како искуство оценивме дека штом ваков модел се применува во 35 европски земји, што значи на некој начин дека е ова општо прифатен, универзален модел.

Што се однесува до моделот немаме никакви разлики. Можеби разлики ќе настанат во нешто друго, во примената на самиот модел, знаејќи ги македонските пари во културата, со колку располагаме.

Да нема забуна кај колегите дека со овој фонд допрва ќе треба нешто да се планира во буџетска смисла. Ќе кажам дека средствата директно од буџетот, планирани за филмска дејност, планирани и до сега на посебна стапка во Министерството за култура, односно стапката филмска дејност, се пренесува на фондот за филмска дејнот и тие се фактички материјалната основа за работење на филмскиот фонд.

Инаку, не се согласувам со колегите од опозицијата кои рекоа, кои зборуваа со одредена резерва за намалувањето на дискреционите права на министерот и дека на некој начин овој закон и понатаму ги поддржува дискреционите права, што значи дека е во колизија со основната оопределба. На прв поглед изгледа така. Меѓутоа, мора да се каже јавно дека навистина се прави деконцентрација на функцијата во Министерството за култура, за филмската дејност. Се намалуват дискреционите права на самиот министер, со тоа што законот предвидува овој фонд да биде самостоен. Ако во членот 3 ги прочитате принципите на кој што се заснова овој фонд: јавнот, отчетност, стручност и професионалност, транспарентност и одговорност и плус независното одлучување на фондот, мислам дека целата е последната. А тоа дека некои мислат понатаму во перспектива дека Министерството за култура не треба да има никаква контрола над фондот, мислам дека се лажат. Сепак треба некоја општетвена контрола и стандарди во оваа дејност што мора да постојат. Затоа и се предвидува, како подзаконски акти да се донесат, со кои што ќе се дефинираат стандардите во финансирањето, со кои што продуцентите ќе настапуваат, ќе ги оформуваат своите проекти. Тоа мора да постои. Една мала контрола од државата мора да постои. Не намалувајќи ја функцијата, како што реков, на Фондот.

Добро е што Министерството за култура оценува дека во овој момент кадровскиот потенцијал не е на такво ниво да може да го следи развојот на

филсмакта дејност. Мислам дека токму решение на овој проблем е основање на филмскиот фонд.

Друго нешто што сакам да кажам, за што дискутиравме доста сериозно и на Комисијата за култура, доаѓаме во колизија со општествената функција на самиот закон, затоа што во пракса ни се случува една друга ситуација. Македонскиот филм, навистина, се наоѓа во фаза на филмска продук, како што истакна министерот, тоа е културна легитимација на Република Македонија, меѓутоа, за жал сите овие филмови што ги правевме по европски вкус и терк, а што ни носат награди и признанија, нашата филмска јавност, за жал, нашата јавност не може да ги види.

Во Република Македонија, можеби звучи парадоксално, работат само 12-13 кино сали. Целта на оваа филмска продукција е токму да ги гледаат гаѓаните. Меѓутоа, (дофрлање од место) не е така колешке, меѓутоа, мислам дека со Законот за култура кината ги направивме трговски друштва, функционираат само оние кина што се во центрите или во домовите на културата, што е добро и мислам дека во втората фаза мора да се изнајде механизам, иако тука условно е ставено дека ќе се води грижа за киноприкажувачката дејност. Дали тоа ќе го прави Кинотеката, дали тоа ќе го прави Фондот, мора да доаѓаат актуелни, поефитини филмови во внатрешноста на Република Македонија, ако веќе сме се определиле и во Законот за култура дека филмот претставува културно добро. Тоа е веќе и цивилизациска обврска што оваа држава мора да ја обезбеди до сите конзументи на филмот. Тука мора малку да подразмислиме.

Се на се, имаме еден квалитетен закон што се хармонизира со европското законодавство. Искуството од 35 земји не смее да се занемари.

Втората фаза, кога ќе дојдеме, кога ќе можеме да реагираме и амандмански, мислам дека ќе имаме шанси да го подобриме законот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓата Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе бидам кратка. Колегата Јордан Михајловски зборуваше за усогласеност со европското законодавство. Во Предлогот за донесување на закон за филмскиот фонд на Република Македонија, на страница 17, стои глава V - Усогласеност со Европското законодавство. Па, се вели, цитирам:

"Со донесувањето на Законот за основање на филмски фонд не се врши усогласување со законодавството на Европска унија, бидејќи за регулирање на оваа област не се донесени посебни директиви, односно регулативи". Ние, точно дека ја ратификувавме Европската конвенција за копродукција во кинематографијата во Собранието во 2003 година, меѓутоа, копродукцијата е еден сегмент од кинематографијата. Значи, да престанеме да кажуваме дека тоа усогласување со европското законодавство, самото Министерство во неговиот Предлог вели дека не постојат такви директиви и регулативи.

Втора работа, во однос на ингеренциите и намалување на дискреционите права на министерот, она за што се залата колегата Јордан Михајловски, да не му се одземаат на министерот одредени права, во самиот Предлог е кажано дека Филмскиот фонд е од национален интерес. А, националниот интерес се знае кој го утврдува. Секако не министерот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Делот на она за што јас говорев, го почувствував како реплика од господинот Михајловски. Мислам дека ако говориме за независност во однос на поддржување на законот, апсолутно никој нема ништо против. Ова е прва фаза. Се надевам дека со второто читање ќе добиеме многу поквалитетен закон. Не знам вие на Комисијата кој и како реагирал, но ако Фондот што го формираме на овој начин работи со пари од Буџетот, ако за сите одлуки од Министерството за сите финансиски услови и средства одлучува министерот, јас не ја гледам независноста на Фондот, како ново тело што може да функционира. На крајот на краиштата, тоа што јас го кажав вие го потврдивте, дали во Република Македонија постојат десет кина или не постојат, тоа е веќе прашање. Затоа што дел од прикажувањето, од овие средства што треба да одат во Фондот, се токму од кинобилети, што за жал апсолутно не функционира.

И, она што вие и самите го кажавте, дека тие работат само во киносалите на домовите на културата, што мислам дека при формирањето на претходните киносали во трговски друштва, апсолутно интенцијата на Министерството за култура не беше во таа насока, како што сега не е иненцијата на Министерството за здравство, утре сите аптеки на станат пиљари.

Затоа, треба да се внимава при донесувањето на законите, какви закони носиме и што после тоа треба да очекуваме. Токму затоа се овие забелешки, па мислам дека треба сериозо да се пристапи кон оваа ситуација.

Благодарма.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Трендафилов Ѓорѓи.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господинот министер за култура, очигледно згрешил што го доставил Предлог-законот за фондот до Собранието на

Република Македонија, затоа што не верувам дек обезбеди поддршка од мошне штедливиот министер за финансии. Очекувам од министерот за култура тоа прво да го расчисти со господинот Поповски, како министер за финансии.

Мислам дека имаат проблем во самата Влада, затоа што според Државната ревизија, Владата, во текот на минатата година потрошила ненаменски 14 милиони денари. Фактурите од овие 14 милиони денари, господине Тромбев, најверојатно отпаѓаат на многу сладолед. Вие, милувавте, на почетокот на овој мандат да зборувате за сладолед. 10% од вкупнатасума е потрошена на пијалоци и слични угостителски услуги. 6 милиони денари се потрошени на склучување договори на дело, за услови за кои што ниту има сметка, ниту се знае какви услуги се завршени.

Во поглед на ингеренциите што актуелниот министер за култура сака да ги оствари преку Фондот, што има намера да добие поддршка и кој бара поддршка од Собранието со други права неговите дискрециони права што се формулирани во предложениот законски текст ќе му даваат на министерот за култура одврзани раце да склучува најразлични договори на дело, како што го правеше тоа и до сега со господинот Ацо Поповски, познатиот режисер, или да се вклучи во претстојната туристичка рекламна кампања. . .

**Слободан Најдовски:** Господине Трендафилов,

Сакам да ве замолам дискутирајте за законот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас ги критикувам дискреционите права што си ги задржува министерот. . .

**Слободан Најдовски:** Господине, дозволете. . .

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ви дозволувам.

**Слободан Најдовски:** На почетокот, вашите колеги рекоа дека имаме врвни уметници во сите области, посебно во филмската уметност, па немојте да ги валкате имињата сега, ете го спомнавте господинот Ацо Поповски, кога веќе не е тука. Би ве замолил да ги оставиме луѓето кои направиле нешто за оваа држава, барем овде да не ги валкаме.

Продолжете да дискутирате.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, јас уште еднаш ќе кажам дека дискреционите права на министерот му овозможуваат да се склучува договори по негово лично убедување, меѓу другото и со господинот Поповски, што има право да го прави, ќе му дозволуваат, бидејќи се покажа без малку како омилениот архитект пред Втората и за време на Втората светска војна, Шперт, со изградбата на Пелинце сега да направи нов пропаганден филм, како што впрочем направи и за 60 години. . .

**Слободан Најдовски:** Сметајте го ова за втора дигресија господине Трендафилов. Третиот пат ќе ви го одземам зборот.

Продолжете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Како си замислувате да ми го одземете зборот, кога станува збор за закон што дополнително ќе го оптовари Буџетот на Република Македонија, а ние овде цело време зборуваме, барем во изминативе денови, дека треба да правиме нешто во насока на даночно растоварување. Значи, ние сега зборуваме дека, кога ќе го носиме Буџетот ако помине овој законски проек ќе треба дополнително да го оптовариме.

Бидејќи јас зборувам за тоа како ќе се оптоварува Буџетот, вие си замислувате дека треба да ми го одземете зборо?!

**Слободан Најдовски:** Само да ви напомнам, тоа што го зборувате не го пишува во Законот. . .

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас ги кажувам последиците. . .

**Слободан Најдовски:** Законот зборува за сосема друго нешто. Нема врска со буџетот. Прочитајте го законот, па ќе видите.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас зборувам за последиците од Задржувањето на дискреционите права на министерот за култура врз Фондот, располагањето со средствата што се уште не знаеме во кој износ ќе бидат и располагањето со правата, дискреционото право да ги именува и да ги разрешува членовите на Фондот. Доколку не одговорат на потавените задачи, задачи што верувам само министерот за култура знае какви ќе бидат.

Од министерот за култура очекував да излезе со законски решенија како и понатаму да ја поттикнеме приватната иницијатива во поглед на културата, во поглед на даночното олеснување на сопственици нан приватни компании што се обидуваат да им помогнат накултурата. Многу е лесно, јас сфаќам, на одредена културна манифестација да се јави како покровител претседателот на Републиката или претседателот на Владата.

Но, не очекувам дека тоа е некаков голем импулс воопшто во развојот на културните дејности во Република Македонија, Не очекувам дека нешто драстично се менува, со тоа што ние во рамките на локалната самоуправа одвреме навреме во соработка со Министерството за култура ќе поканиме некој уметник, без оглед на неговото реноме, но на тој начин не се поттикнува културата, како што и филмската дејност нема да се поттикне на овој начин, затоа што државата се обидува да дава одредени услови преку извршната власт олицетворена во господинот министер за култура. Јас за тоа зборував.

Конечно, зборувам за тоа што ова повлекува биџетски средства од Буџетот на Република Македонија, а да ве потсетам дека претходната точка за која што дискутиравме предвидува повторно буџетски средства за покачување на плата, нешто што досега не се случило во историјата на Македонскиот парламентаризам. Скромно или нескромно во овие 15 години, но толку е. За тоа зборувам. Очигледно е дека тоа вам не ви се допаѓа и не ви се допаѓа што 14

милиони денари на оваа Влада минатата година не знаеме како ги потрошила, а ги потрошила на договори за дело, кои се ненаменски и јас верувам дека министерот за култура ќе си продолжи со истата пракса, затоа што нешто посебно глава не гледам дека ве заболе, ниту некој излезе овде од владините подржувачи во Парламентот да покаже сметки за сладолед, како што тоа милуваа да го прават порано. Очигледно се зависи до вас кој го порачал сладоледот, ништо повеќе.

**Слободан Најдовски:** Добро е, ако јадат пратениците сладолед, барем ќе бидат смирени во дискусиите.

Продолжуваме понатаму.

Има збор министерот за култура.

Три минути реплика за министерот за култура.

Повелете господине министер.

**Благој Стефановски:** За жал, јас не сакам такви остри квалификации да зборувам за човек кој што е во Парламентот, кој што дошол со процедура, избран од граѓаните, меѓутоа, морам само да кажам неколку реченици за изнесените нејаснотии, кои воопшто немаат заедничко со законот кој го предлагаме, бројким имиња наведени.

Апсолутно неразвирливо зошто така се однесуваме  ние точно водејќи сметка да не имаме фискални последици кои што ќе го оптеретуваат Буџетот на Република Македонија кажуваме дека овие средства во филмската дејност кои во овој момент изнесуваат 90 милиони денари ги префрлуваме во фондот. Значи, тоа е едната работа.

Второ, во делот во кој што имавме и забелешки, зошто луѓето од Филмскиот центар Вардар филм, ќе бидат вработени во Националната установа филмски фонд, доволно говори дека ние немаме нови зафаќања во буџетот. Одтаму сигурно дека ќе има анализи, сигурно министерот за финансии како човек кој што ги контролира сите ситуации во Буџетот, ќе расправаме каде и зошто би можеле нови зафаќања во овој дел преку кино прикажувања, преку некои такси итн. Ние предвидуваме околу 15 милиони во 2006 година да дојдат, а се применуваат во 2007 година. Значи, дотичниот министер нема да биде во тоа време, бидејќи како стручно лице кој се бавел толку години и на раководни места, веќе ми е смачено да објаснувам некои делови кои што треба да бидат во интерес на културата и кои што се верификувани. На овој начин, на ваков начин  да се дискредитира она што е направено во културата и луѓето да се внесени со некои опаски, како што е со случајот сладолед, не знам од каде и што се извадени, тоа не би требало да се случува во Парламентот. Господинот Трендафилов треба да се извини, не знам дали е денес во ситуација да се извини, можеби е во некоја друга ситуација, јавно ќе се извини за оваа работа што ја искажа овде. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам,

Една минута контра реплика пратеникот Трендафилов Ѓорѓи.

Повелете господине Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Не се грижете, ни на крај памет не ми е да се извинам. Факт е дека Владата ненаменски потрошила 14 милиони денари. Факт е дека со предложениот законски тескт вие и понатаму ќе бидете оној кој решава кој ќе добие проект, а кој нема да добие проект. Приказната се состои во тоа, како што досега раководевте, како што бевте многу извикан за Меморијалниот центар "Пелинце" и за многу други работи, факт е дека сега ќе го правите тоа и со овој фон, ништо повеќе. Ако зборувате за средствата, дали за овие средства сега зборувате дека само ќе ви помогнат во почетокот да земаат повеќе плати ништо повеќе.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Породолжуваме понатаму со расправата.

Има збор пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

Повелете госпоѓо Цветанова.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата,

На самиот почеток сакам да кажам дека ја давам мојата поддршка и за формирањето на Шумскиот фонд на Република Македонија и за Предлог законот за формирање на овој фонд и без разлика што точно е со овој закн ние не правиме усогласување со Европското законодавство, бидејќи во голем број земји од Европската Унија тоа законски не е секаде регулирано. Сепак, морам да кажам дека со формирањето на Филмски фонд, всушност, ние ги следиме европските филмски трендови и начинот на кој се финансира конематографијата во најголемиот број земји членки на Европската Унија.

Би сакала да поздравам што овој закон се носи во редовна постапка. Значи, станува збор за прва фаза од донесувањето на овој закон и без разлика што во изминатиот период беа организирани јавни дебати, користени се т.н. компаративни искуства, сметам дека и во следниот период односно во периодот што следи истото тоа ќе се повтори и сите забелешки искажани на денешната седница и сомнежи во однос на овој закон, Министерството за култура сериозно ќе ги земе предвид и соодветно ќе ги имплементира се со цел да дојдеме до што попвалитетно и поиздржано законско решение за формирање на овој Филмски фонд.

Како што пред малку беше кажано, со формирањето на овој Филмски фонд, ние ги следиме европските филмски трендови и е нешто што всушност сме се обврзале да го направиме, потпишувајќи ја и ратификувајќи ја Европската конвенција за копродукција во кинематографијата, што всушност и беше еден од најзначајните и клучните предуслови Република Македонија да стане полноправна членка на најголемиот и единствениот Европски

филмски фонд од кој Република Македонија може да црпи средства на принципот на копродукција.

Јас исто така го поздравувам деконцентрирањето на надлежностите на Министерството за култура, бидејќи сметам дека една од основните и главните задачи на Министерството за култура е креирањето на генералната културна политика. Со формирањето на овој филмски фонд сметам дека ќе се унапреди Македонската кинематографија, сметам дека ќе бидеме во поголема можност да ги следиме европските филмски трендови и на тој начин Македонскиот филм ќе стане поконкурентен и полесно ќе си го најде местото на Европскиот филмски Пазар.

Позитивно е, исто така, во овој Предлог закон предвидената мала администрација, нешто што е за поздравување наспрти онаа грешка што беше направена при формирањето на едно гломазно административно тело во Управата за заштита на културното наследство, што во една следна фаза веројатно ќе треба да се ревидира. Се разбира, ова е прва фаза, како што кажавме, постојат одредени забелешки во овој закон. Моите колеги зборуваа многу и дадоа навистина конструктивни забелешки, јас затоа нема да се повторам и нема да зборувам за забелешките околу органите на Фондот односно околу тоа кој и како ќе ги назначува, околу нивните компетенции и надлежности, па и во извесна смисла во однос на преклопувањето на надлежностите. Сметам дека Министерството за култура тоа денес ќе го земе предвид и ќе го корегира во следната фаза при донесувањето на овој закон.

Одредени сомнежи кои беа искажани од моите колеги во однос на тоа дека филмскиот фонд не треба да финансира учества на фестивали итн, на филмски екипи. Сметам дека не се во право, бидејќи секое учество на Македонски филм на европски и странски фестивали, значи не само промоција на Македонскиот филм, значи и промоција на Македонската култура и воопшто промоција на Република Македонија. Се разбира, тука треба да има воспоставено механизми, веројатно од страната на Министерството за култура кое ќе го следи трошењето на овие средства, да бидат соодветно и правилно наменети за промоција на Македонскиот филм, како на Европскиот, така и на странскиот филмски пазар.

Јас овде би позборувала за неколку члена од законот. Како прво ќе се осврнам на членот 23 точка 3 во кој се вели дека најмалку 75% од одделените средства мора да се трошат во Република Македонија. Јас тука го поставувам прашањето дали овој процент е реален и оптимален. Се разбира дека интенцијата на сите оние кои учествуваат во креирањето и спроведувањето на културата на Република Македонија, што поголем дел од средствата да останат во Македонија, но прашувам дали овој процент е реално и оптимално предвиден, имајќи предвид дека во Република Македонија немаме производство на трака, немаме лабораторија, немаме доволен број на камери, реквизити итн. Јас во таа насока би сугерирала да се направи една проценка, која и не е така тешко да се изврши.

Понатаму, во истиот тој член, точка 5 се вели дека може да конкурираат само продуценти кои обезбедиле минимум 20% од вредноста на проектот. Досега тоа беше регулирано на еден друг начин, бидејќи сметам дека конкурсот треба да биде отворен за сите, без разлика дали обезбедиле или не обезбедиле, но до дефинитивната, значи може да се склучат прелиминарни договори и до дефинитивното потпишување на решение за пуштање на средствата, треба да се има некој документ дека продуцентите обезбедиле дел од средствата, имајќи предвид дека најголемиот број на странски копродуценти кои сакаат да учествуваат и да финансираат реализација на македонски филмови, често пати, обратно пак, бараат документ во кој македонскиот продуцент се гледа дека ги обезбедил тие средства. Значи, јас тука оставам еден простор за полиберален начин на размислување. Уште еднаш кажувам дека тоа може односно дека конкурсот треба да биде отворен за сите и тоа може да се реши на принцип на писма со намера и поднесување на документ се до дефинитивното потпишување на решение за пуштање на средства за реализација на филмот.

Понатаму, членот 25, се согласувам дека треба да се ревидира овој член, бидејќи на Република Македонија и е во интерес да има полиберални услови за странски продуценти кои би снимале филмови во Република Македонија и во таа смисла би го посочила примерот на соседна Бугарија за која знаеме дека филмскиот центар "Бојана" работи многу профитабилно, бидејќи најголемиот број и од европски и од филмови на амеркианската продукција се снимаат односно се монтираат во Република Бугарија, во Филмскиот центар "Бојана". Би потсетила дека и голем број на други филмови снимаат во мали држави. Да речеме, познатиот филм "Гладијатор", не знам дали е познат тој податок дека во најголемиот дел е снимен на Малта. Значи, на Македонија и се потребни полиберални услови за да привлеч!е што повеќе странски продуценти да снимаат во Република Македонија и во таа насока би сугерирала овој член да се ревидира со цел да обезбеди полиберални услови.

На самиот крај, уште еднаш кажувам дека го поддржувам овој Предлог закон. Поддржувам и поздравувам што се носи во редовна постапка во неколку фази, дека ќе гласам за. Би замолила до Министерството за култура да направи напор да обезбеди средства и од радиодифузната такса влегуваат во овој филмски фонд, а јас знам дека корисниците на таа радиодифузна такса нема така лесно да се откажат. Но, тука треба да се донесе една политичка одлука и да се манифестира една навистина одлучност од сите релевантни субјекти. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Цветанова.

Има збор пратеникот Адеми Абдилаким.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Со Предлог законот за филмскиот фонд се уредува начинот на основање на работа, ракводење и финансирање на овој фонд, со една единствена цел да се финансира филмската дејност. Досега како што ни е јасно оваа дејност е финансирана преку Министерството за култура и сигурно дека во текот на ова финансирање не можело да одговори на потребите и барањето на потрошувачот, па затоа и квалитетот, но и филмската продукција отсуствуваше и резултатите можеби и не биле тие што ги посакуваме.

Затоа, потребата за основање на филмскиот фонд е повеќе о д потребна, така како што спомнав и претходно, со единствена цел да се обезбеди на продолжен начин и сигурни финансиски средства за филмската дејност.

Би нагласил дека ние како парламентарна група ќе ја поддржиме потребата за донесување на овој закон. Бидејќи, законот е во прва фаза, сигурно дека ќе укажеме и на неколку забелешки во однос на неколку членови и тоа во членот 5 и 6 или во второто поглавје каде што се дефинираат изворите за финансирање, ние мислиме дека треба да има сигурни и финансиски извори за овој филмски фонд, затоа што и од финансиските средства кои можат да се обезбедат и да ги обезбеди овој фонд, ќе зависи и финансирањето на разни проекти, а ќе зависи и квалитетот на истите проекти.

Со оглед на фактот дека преку Министерството за култура ќе се финансира дел од овој фонд и од Буџетот на Република Македонија, ние цениме дека овде треба да се обезбеди и транспарентноста на финансиските средства кои ќе ги има на располагање овој Фонд.

Во третата глава каде ќе се дефинираат надлежностите на Фондот, член 10 мислам дека треба да се има предвид и треба да се даде надеж на фондот да развива филмска мрежа во Република Македонија. Бидејќи, како што се спомна и од неколку претходни говорници, бројот на кино салите во Република Македонија е многу мал, затоа треба да се зголеми нивниот број. Предлог законот фондот го врши до Министерството за култура, за да финансира или поддржи разни проекти за филмската дејност, сигурно дека треба да се има предвид мултиетничкиот карактер на нашава држава и мултикултурниот карактер на нашава држава. Значи, во текот на финансирањето на проектите, да сес финансираат проекти од разни етнички заедници и на јазиците кои тие етнички заедници ги говорат, како и проекти кои се финансираат да немаат во нивната содржина стимулирање на национална омраза, полова, јазична и друга омраза.

Во членот 13 во четвртата глава, каде што се органите на Фондот, се дефинира Управниот одбор на Фондот и во вториот став каде што се вели каде Управниот одбор на Фондот ќе има пет члена, од кои четири од уметниците и стручните работници, секој кој се занимава со филмска дејност, мислам дека овој проект треба да биде три и еден претставник да биде од Министерството за култура. Велам да биде од Министерството за култура овој претставник во Управниот одбор, бидејќи така како што кажавме и претходно, овој филмски фонд ќе се финансира и од Буџетот на Република Македонија.

Во Буџетот на Република Македонија преку претставникот на Министерството за култура кој ќе биде во Управниот одбор на фондот ќе може да се контролира финансирањето на разни проекти кои се предлагаат од Министерството за култура.

Мислам дека треба да се прифати алтернативата која е дадена во првиот став. Значи претседателот и членовите на Управниот одбор да ги именува Владата на Република Македонија по предлог на министерот.

Во членот 15, каде се говори за директорот на Фондот и условите кои треба да ги исполни директорот, синтагно се набројува да има високо образование, треба да има 5 години работно искуство во филмската дејност, или реализирани најмалку 5 филмски проекти. Сега, овде треба да се дефинира и врз основа на ова што може да се види може да се разбере дека директорот може да нема 5 години работно искуство, но да има само 5 реализирани филмски проекти. Во четвртиот став, алинеја 2 се вели 5 години работно искуство, или 5 остварени проекти.

Алтернативата која што се споменува по членот 15 да се додаде нов член кој дефинира дека директорот треба да има и заменик. Ние како парламентарна група цениме дека овој член треба да постои и да се прифати. Значи, Фондот освен директор, да има и заменик директор и условите да важат исто како и за директорот. Дилемата која се јавува овде во точка 5, значи кандидатот за заменик директор, неопходно да поднесе и програма за развој на фондот. Доколку програма за развој на фондот доставува директорот и се избира директорот, тогаш, евентуално и заменикот директор доколку поднесе програма, ќе можеме да дојдеме во спротивност да се косат и да се јават дуализми во однос на ова прашање.

Во членот 17, каде се говори доколку му се прекинува мандатот на именуваниот директор, тогаш министерот за култура веднаш ќе именува вршител на должност на директорот. Мислам дека овде треба да се додаде и една алинеја, или на истата алинеја да се додаде, само во моментот кога нема избран заменик директор. Ако се определиме и Фондот да има заменик директор, тогаш нема потреба да се именува

вршител на должност, се додека фондот има заменик директор и тој ќе ги извршува должностите кој ги врши директорот на фондот.

Во членот 18, каде се вели дека директорот на фондот, покрај другото, се набројува кои се надлежностите на директорот и по петтата точка треба да се додаде во текот на вработувањето и формирањето на советодавните тела, директорот треба да го спроведува начелото на првичната и соодветната застапеност на сите етнички заедници во Република Македонија.

Во членот 20 се вели дека за финансирањето на разни филмски и продукциски проекти, ќе се распишат јавни конкурси и тоа двапати годишно - во мај и септември. Мислам дека ова распишување двапати годишно на јавниот конкурс е излишно и треба да биде еднаш годишно, бидејќи не верувам дека Фондот ќе има толку доволни средства да финансира и поддржи проекти големи и тоа двапати во текот на годината.

Во членот 21 добро е дефинирано дека програмите би требало да го изразат мултикултурниот карактер и мултиетничкиот карактер на Република Македонија, иако од неколку претходни говорници, ова се оспори. Овде целта е да се финансираат врз основа на тоа што сум го прочитал, да се финансираат и поддржат програми и проекти од сите етнички заедници. Преку ова да се одрази мултиетничкиот карактер на Република Македонија и мултикултурниот карактер.

Ова во целост се моите забелешки и бидејќи Законот е во прва фаза, верувам дека забелешките кои се укажаа и од парламентарната група на ДУИ ќе се земат предвид и во оваа фаза ние ќе го поддржиме донесувањето на овој закон.Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре,

Прва фаза Предлог за донесување на закон за филмски фонд на Република Македонија, значи одлучување за потребата за донесување на закон за филмски фонд.

Она што имав прилика да го прочитам од извештаите на комисиите и за култура, и на Законодавно-правна комисија, па и она што имав прилика да го слушам, и она што беше моја интенција на почетокот е да го поддржам предлогот за донесување на закон за филмски фонд на Република Македонија.

Меѓутоа, искрено да ви кажам една реченица која ја прочитав во целите на уредувањето на односите дадени во самиот предлог ми ја става во дилема потребата за донесување на закон за филмскиот фонд на Република Македонија. Еве ќе ви кажам зошто.

Ставот 2 вели, основната причина за основање на фондот е независно одлучување со што ќе се постигне деконцентрација во одлучувањето и ова е многу важно, и она на што сакам да ви посветам внимание, внимателно да го проследите, и би се исклучила практиката, посочувањето и инволвирањето на Министерството за култура во однос на квалитетот на проектите процедурите, роковите и се друго што е врска со финансирањето на проектите.Значи, ако интенцијата на предлагачот е да си го оттргне од грбот сите критики, кои доаѓаат на негова адреса во однос на финансирање на проектите, обезбедување на финансиски средства, реализирање на проектите и воопшто доделување на проектите на соодветни организации, тогаш не е во ред донесување на потребата на донесување на законот за основање на филмски фонд.

Искрено да ви кажам, после се она што го прочитав во самиот текст на Законот, кој содржи мал број на членови, уште еднаш ми укажува дали потребата е вистинската она што е наведена во причини. Значи условно хармонизација со европското законодавство, па потоа имаме деконцентрација на овластувањата на министерот за култура и така натаму. Значи ме доведува во дилема токму она што е кажано во самото министерство за да се исклучи сите критики кои доаѓаат на сметка на Министерството за култура, за еден таков важен сегмент како што е културата во Република Македонија.

Значи ние ја утврдуваме потребата дадена согласно програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2005 година и Националната програма за хармонизација со Европското законодавство, каде што е наведено дека треба да биде донесен закон за филмски фонд во Република Македонија. Но се прашувам дали со тоа ќе ја постигнеме целта, а тоа е значи финансирање на филмската уметност во Република Македонија и со тоа натамошно реализирање и презентирање на нашата филмска дејност како што сите ние овде велиме дека е наш национален интерес. Ако се семе во предвид средствата кои треба да се обезбедат, дадени како образложение во самиот Предлог на закон, значи тоа се делот на средствата кои влегуваат во Бsџетот на Министерството за култура,во програмата филмска дејност и самиот министер пред малку кажа дека тие изнесуваат 90 милиони денари, околу 1.400.000 евра. Така барем е кажано. И ако во самиот закон се вели дека финансирањето е од средства на Буџетот на Република Македонија од донации, од дарови, од завештанија и така натаму и оние надоместоци дадени во членот каде што се вели 2% од продажбата на кино билетите. И ќе го повторам она сомнение кое го кажа колегата Јордан Михајловски колку кина ние имаме во Република Македонија да можеме да ги следиме тие проекти и колку кино билети ќе бидат продадени па од целата таа сума 2% да се одвои

да се даде како средства на самиот фонд, филмски фонд во Република Македонија.

Значи, искрено да ви кажам дискутабилна ми е потребата за донесување на овој закон. Но и покрај тоа ќе дадам определени забелешки, можеби ќе се повторам со некои од колегите, но сакам да ја апострофирам деконцентрацијата на овластувањата кои ги има министерот за култура. Иако постојано се наведуваше и во самото образложение на министерот по повод секоја од репликите и она што успеав да го видам од Извештајот на Комисијата за култура, каде што бил присутен и министерот. Значи упорно се повикуваме на таа деконцентрација.

Е, сега, јас ќе дадам два примера каде имаме отстапување на таквата деконцентрација, од таквата деконцентрација на кое се повикуваме.

Во членот 10 став 1 точка 6 се вели: "надлежност на фондот, фондот ги врши следниве работи", донесува програма и ја следи нејзината реализација. А нели овој закон го носиме за да основаме фонд, филмски фонд. И тука се даени надлежностите. Значи, самиот фонд донесува програма и ја следи нејзината реализација.

Во членот 4, ставот 5, се вели: "на Програмата која ја донесува Фондот, Филмскиот фонд" за кого и се предлага овој закон,согласност дава министерот за култура. Мене не ми личи ова на деконцентрација.

Втор пример, почитувани колеги во членот 11 став 2, она што го кажа и колешката Лалчевска, велиме фондот е самостоен во својата работа, меѓутоа, на таа негова самостојност во истиот член ставот 4 вели: "согласнос на Статутот дава министерот за култура". Дали ова вам ви личи на деконцентрација на овластувањата на министерот за култура, ќе си процените вие сами.

Во членот 13, за кого имаше доста дискусии, апсолутно ја поддржувам алтернативата дадена на ставот 1 дека претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот ги именува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за култура. Не навлегувам во составот на Управниот одбор, како што е даден во Предлогот за донесување на закон. Се согласувам дека претседателот на Управниот одбор овде "лебди", го нема. Дали не треба да се размислува во контекс на самиот претседател на Управниот одбор да го избира Управниот одбор, или пак да остане нова алтернатива, Министерството треба да размисли во тој правец. И како што реков значи апсолутно ја поддр1увам алтернативата на ставот 1, претседателот и членовите да ги именува Владата на Република Македонија, од една единствена причина. Сто пати е наведено и во самиот закон, значи национален интерес на Република Македонија, ако велиме национален интерес, тогаш националниот интерес го утврдува Владата на Република Македонија, а не министерот за култура, или некој друг од министрите во Владата. Независно која влада, дали министерот ќе биде и после 2006 година министер на култура, не навлегувам во тој дел.

Во членот 15 фамозниот директор на фондот, искрено да ви кажам почитуван министре, вака како што се дадени условите кој може да конкурира за директор, како уште сликичка да му фали на човекот, за да можеме да го избереме за директор на Фондот. И една забелешка, не знам која би била вашата интенција, меѓутоа, да има завршено високо образование, во ред. Да има најмалку 5 години искуство во филмската дејност и тоа е во ред. Меѓутоа, или дали тоа значи од овие два става, некој ќе биде или вториот или третиот став. Или интенцијата ви е овие три става да бидат кумулативно исполнети, за да може тој да биде директор на филмскиот фонд.

Сега ми се јави онаа дилема, која и вие ја спомнавте пред малку, реализирани најмалку пет филмски проекти, монтажа, снимање и продукција . Јас сум исрекно лаик во филмската уметност, освен како пасиониран гледач, меѓутоа, мислам дека не е на иста вага и режисер и монтажер и сниматело и продукција и така натаму. Значи мора да има некој подобар критериум. И незнам кој од колегите рече колку од граѓаните на Република Македонија ги исполнуваат условите да бидат директори на филмскиот фонд.

Она што го кажав на Законодавно-правната комисија, ќе го повторам сега. Значи, четвртиот услов кој треба да го исполни директорот, да има познавање на најмалку еден странски јазик. Значи српскиот, грчкиот, хрватскиот, словенечкиот, босанскиот јазик, се странски јазици во Република Македонија. Да не го заборавам албанскиот, зашто имаше колеги на Законодавно-правната комисија кои сензитивни се на албанскиот јазик. Значи тие се странски јазици за Република Македонија, меѓутоа, ако сакаме да правиме копродукција со она што е интенцијата на законот. Да се овозможи копродукција на регионално ниво, јас мислам дека треба познавање на еден светски јазик. Не странски јазик, туку светски јазик. Се надевам дека ќе ја прифатите таа моја забелешка. Се согласувам со алтернативата на ставот 2 дека по ваш предлог како мионистер за култура, министерот треба да го избира Владата на Република Македонија и се разбира да го разрешува, а онаа алтернатива дадена, најверојатно некој и ургирал, како што имавме прилика во многу закони за заменик директор, само колку да постои и тука нема да се навредат колегите од албанската заедница, затоа што таквите заменици, таквите места заменични, исклучиво за нив се безицираат. Тоа е можеби една од причините за која е дадена ваквата алтернатива. И она што го рече колешката. Јас кога ги исполнувам условите за директор, не сум улава да конкурирам за заменик директор. Значи, ќе конкурирам за директор на филмскиот фонд, затоа што се идентични условите.

Јас можеби ќе дадам уште една сугестија во однос на членот 17, во кој се вели дека министерот за култура доколку директорот не

биде избран, а зошто да не биде избран, можеби вие стравувате од таквите услови кои се дадени, па дали ќе има доволно луѓе да конкурираат со таквите квалификации, или предвреме да му престанал мандатот, согласно членот 16, тогаш министерот за култура веднаш именува вршител на должноста директор, без конкурс од редот на вработените, ако веќе се прифати алтернативата предлогот за избор и разрешување на директорот на фондот да го бира Владата. Сметам дека ако веќе навистина сакате да се откажете, или да се изврши навистина деконцентрација на вашите овластувања, тогаш Владата да го врши изборот на вршител на должност, се разбира по предлог на министерот за култура. Ако сакаме да го спазиме тој принцип на деконцентрација на овластувањето.

Според член 22 министерот за култура на предлог на управен одбор со акт поблиску ги уредува критериумите за финансирање на проектите и елементите што треба да бидат содржани во проектите во зависност од мултикултурниот карактер на државата. Сега, ако веќе ние основаме фонд, филмски фонд, ако во овој предлог тој фонд има директор кој има одредени надлежности и треба да ја спроведува политиката заради развивање на филмската дејност, значи со соодветни надлежности, со овој закон се предлага управниот одбор кој исто така има свои надлежности, таксативно дадени во Предлогот за донесување на закон, не знам зошто тогаш министерот за култура со акт поблиску да ги утврдува критериумите, кога нему му дава таков предлог управнот одбор. Значи, управниот одбор изготвил се, му го дава на министерот за култура, министерот за култура само како легитимен или овластен од страна на Владата, како министер за култура, само да го парафира она што ќе му го даде управнот одбор. Затоа велам дека ние имаме мешање тука на различни институции во ваквиот Предлог за донесување на закон, мешање на различни надлежности на министерот за култура, на управниот одбор со директорот, а сакаме или основната интенција е деконцентрација на овластувањата на министерот за култура. Јас разбирам дека треба да има некој надлежен кој генерално ќе ја следи политиката на тој филмски фонд, меѓутоа, ќе повторам уште еднаш, и во членот 2 од Предлогот за донесување на закон се вели дека тоа е национален интерес и тој национален интерес го утврдува Владата на Република Македонија, а министерот за култура е една алатка на кој начин тој национален интерес во делот на филмската дејност. И она што е најважно, почитувани колеги, сите ќе се согласите со мене, се парите како ние, како Владата ќе успее да обезбеди средства, значи тоа е веќе умешност, менаџирање, средства за да можеме сите незавршени филмови да ги завршиме и да имаме продукција, сопствена или копродукција со другите земји, странски партнери за да можеме да го презентираме македонскиот филм, како што велеше колегата Јордан Михајловски дека тоа е еден лигитимитет на културата на македонскиот народ. Сега за да не велите дека опозицијата постојано критикува, постојано нешто не и е по војла, и овој пат ќе бидам конструктивна, почитувани колеги, и покрај сите оние прашалници кои ми се јавуваат околу глава, ќе го подржам Предлогот за донесување на закон за филмски фонд. Се надевам дека Министерството за култура ќе ги прифати забелешките и укажувањата кои се дадени не само од мене, но и од другите колеги, независно дали се позиција или опозиција. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Аднан Јашари.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Повеќе од вистина е тоа што го кажа почитуваната колешка, пратеничка Марија Којзеклиска дека на Законодавно правната комисија сум реагирал на една нејзина изјава дека албанскиот јазик е странски јазик. Сепак, ќе реагирам и сега од причина што во нејзината дискусија таа со или можеби без иронија сакаше да ја нагласи токму оваа моја реакција, меѓутоа, сакам да спомнам уште еднаш дека албанскиот јазик во Македонија е службен јазик, факт кој е верифициран и од мојот говор, бидејќи јас говорам токму на албански јазик и тоа што можеби е позначајно е што албанскиот јазик има и меѓународен карактер, факт кој што е константиран од многу светски лингвистичари, кои констатираат дека албанскиот јазик е меѓу десетте најпреферирани јазици во светот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Многу брзо ќе влеземе во светот сите.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Според моите информации, не знам дали албанскиот јазик е меѓу десетте најпреферирани јазици, меѓутоа, знам дека на прво место е кинескиот, потоа шпанскиот, на трето место англискиот јазик. Искрено да ви кажам, не знам за албанскиот, можеби колегата Јашари ќе ми даде некои документи пред 2001, после 2001 година. Сега странски јазик во Република Македонија, јас разбирам дека таму каде што припадниците на заедниците зборуваат најмалку 20% е службен јазик, меѓутоа ваква квалификација, странски јазик, во една матична држава навистина не држи, а ако се гледаат и целите за донесување на овој закон како што се наведени, а тоа е ширење на продукцијата и презентирање на македонскиот филм, не навлегувам дали е мултиетнички карактер итн.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани колеги, за да нема дилеми кој е трет јазик во светот, тоа е старомакедонскиот кој денес го говорат сите таканаречени славјански народи, кои се меѓу 350

и 400 милиони. Да се нема дилема, многу да размислуваме, другите јазици се далеку зад нас, коренот е од тука. Она што значи генетски код на сите граѓани потекнува од Македонија, но да не се навраќам во историјата затоа што некој ќе ми се налути, ќе каже дека ние сме славјани дојдени преку Дунав во шестиот и седмиот век, а за жал, нема ниту еден пишан документ за таа работа. Па ќе се прашаме тогаш МАНУ што прави, спие, работи или не работи, но во случајот министерот работи.

Денес се предлага закон за филмскиот фонд на Република Македонија. Јас сум лаик за оваа проблематика, но повторно работите ги гледам од еден, да не кажам македонски аспект што е својствено на мене, за жал, и таква работа постои, македонски дел од пеколот, за жал денес и македонците од Вардарска Македонија го почувствуваа, ние егејците малку од поодамна, пиринците пред нас и после нас. За жал, секогаш пеколот се врти тука околу нас. Тоа дали не е некое судбинско прашање или не, ќе видиме, сепак господ е тој кој одлучува и ги одрадува патиштата низ кои ќе не води и како нација, и како народ и како поединци. Затоа, вербата во бога мора да биде крајна, бесконечна дека ќе дојдат подобри денови и за овој македонски народ и за оваа македонска држава.

Ова што е предложено денес можам да го артикулирам како една позитивна работа. Да не рече министерот, кога ќе излезе опозицијата постојано напаѓа, сметам дека е добра работа ако вистински се работи, затоа што овој малуброен македонски народ кој денес овде живее во Република Македонија, а брои некаде 1.300.000 македонци, единствениот излез и сопствената афирмација може да ја постигне на два начина, а тоа е прво, преку спортот и преку културата. За жал, немаме економска моќ, немаме воена моќ, не сме од калибарот на големите европски земји и се споредувам некаде со Босна и Херцеговина, барем со оној босански дел, каде што Босна успеа да се афирмира преку еден филм наречен "Ничија земја", не можам да се сетам кој беше режисерот, кога доби "Златна палма" од Кан или "Оскар" за странски филм во Холивуд, не се сеќавам, што е едно големо постигнување за Република Босна и Херцеговина.

Ако правиме паралела, сметам дека ваквиот закон е добро решение и треба да се подржи, она што претходно го кажавте дека во изминативе четири, пет години се снимени околу 13 македонски филмови, некои снимени, некои допрва ќе се снимаат ако се најде добра финансиска конструкција, што исто така е добро и е за поздравување и верувам дека тие филмови не само што ќе ја афирмираат Македонската држава, туку ќе биде и афирмативни за македонската нација и македонската кауза, говорам како етничка припадност. Затоа и станав да говорам за ова прашање, инаку не сум експерт, можам да кажам иако имам гледано многу филмови сепак сум лаик. Сепак, ова е седма уметност која бара квалитетни анализи, дали да се критикува или не и не може секој да биде филмски критичар, говорам и критизер на ова што денес ни е предложено.

Дај боже Македонија да произведува многу филмови кои ќе се афирмираат и на национален и на етнички план. За жал, таква работа сеуште не можеме да видиме, кои сме, што сме, од каде сме стои како знак на прашање. Претпоставувам, тоа е предизвик за режисерите од поновата генерација, а имаме такви, се надевам дека ќе се најде доблесен, кога ќе ја отвори таа кутија, а вие како Министерство, а вие како Министерство и како фонд ќе излезете во пресрет да им се помогне на таквите луѓе кои сакаат да ја афирмираат сопствената нација. Говорам конкретно за македонската нација како етникум. Затоа е ќе ви дадам поддршка во оваа прва фаза со одредени забелешки кои мора да се кажат ако сакаме да имаме еден квалитетен текст. Јас барем така гледам, можеби многу од тука нема да се согласат со мене, но тоа е инвидуално видување на секој пратеник.

Ќе поминам на членот 3, како забелешка, не како некоја зла крв на еден опозиционер кон позиционер. Една забелешка која во многу закони е проткаена и во минатото и сега, значи не ја опсервирам оваа Влада, говорам и во минатиот период, а тоа се термините во членот 3 кои ми чукаат постојано во глава и секогаш кога ќе ги прочитам овие термини мислам дека обратното се случува, а тоа е јавност и очетност. Се говори фондот како ќе работи и јас веднаш помислувам на обратното по некоја инерција, што не мора да значи, не мора да значи дека не го критикувам, дека некој ќе лови во матно да дрпне некоја паричка, да бутне во џеб, иако тоа ни е својствено на нас како македонци и како луѓе пред се. Говорам за луѓето општо, негледајќе на која етничка групација припаѓаат. Стручност, професионалноста веднаш ја поврзувам господине министре со партиска припадност, не во конкретниот случај, туку и во минатите времиња. Кога се говореше за професионалност и стручност, тој мора да бил од владеачката структура. Значи, наравоучение. И на крајот стои транспарентност. Скоро во секој закон од сличен или ваков карактер стои "транспарентност", ќе се работи максимално отворено, што е знак на прашање или во знак на наводници. Значи, стручноста и професионалноста, ако сакате добро да работи оваа работа, да заживее и во иднина некој иден Парламент, да каже да, тогашниот министер за култура ги постави темелите на фондот и непоаѓајќи од партиси притисоци постави вистински професионални кадри, не гледајќи на која политичка структура припаѓаат. А такви имаме и треба да се стават без оглед дали тој припаѓа на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ВРМО Народна партија, ЛДП, не е битно. Тоа ме потсетува на еден ваков случај. Кога одите на лекар прашувате кој е најдобриот, не прашувате на која политичка партија припаѓа.

Бидејќи сите ние сме живи луѓе, некогаш ќе чукнеме на докторска врата, значи го барате најдобриот. Може да биде од ВМРО па да не го бива, значи не му е местото во списокот. Може да е од СДСМ па ич да не го бива, значи го барате најдобриот, квалитетниот, затоа што преку ова ќе си ја афирмирате сопствената држава, сопствениот етникум на кој вие припаѓате. Верувам дека тоа е интенцијата. Говоревме дека две работи можат нас да не издигнат и во минатото овој македонски народ остави многу работи зад себе, почнувајќи од Миладиновци и да не ги набројувам останатите, плејада на македонски имиња познати во светото, а непочитувани кај нас, како што е еден Коста Црношанов, кој за жал доживеа афирмација во Бугарија, ние го направивме бугарин, не ги преведовме делата итн. Светски македонски имиња, значи да појдеме од она што значи професионалност и љубов кон сопствената нација. Тоа е членот 3. Овие две работи нека стојат како такви, но мојата сугестија е, ако се квалитетни, професионални, стручни, не ја гледајте партиската припадност, дури тогаш ќе верувам во вашите искрени намери и во она денес што се нуди. Не да се отвори како простор, министре, за партиски вработувања, туку за афирмација на Република Македонија. Околу членот 3 би рекол толку.

Членот 6, за да живее оваа работа, за да заживее и да се афирмира преку филм, потребни се пари. Во членот 6 пишува вака: "Фондот стекнува средства од Буџетот на Република Македонија". Дали вие господине министре оваа работа ја образложивте јасно и гласно во самата Влада, која ќе биде улогата на овој фонд и дали постои објективна волја од Министерството за финансии и Владата да ви дадат средства , кои според ваше видување ќе бидат доволни за една годишна активност. Каква е климата, да не излезете овде и да не се жалите, бидејќи Буџетот ќе дојде, ќе видиме колкави се средствата. Да не се жалите дека Министерството за финансии не ви доделило толку пари, работата не оди. Значи стои како прашање дали вие кога го предложивте ова Владата ви даде согласност и ви кажа со колку средства отприлика ќе располагате, иако подолу имате наведено некои средства кои се смешни кои апсолутно не држат, како што се во членот 7, затоа што мора да се признае дека главната финансиска сила ќе се црпи од Буџетот на Република Македонија. А тој не е ничија сопственост или сопственост на министерот, тој е сопственост на македонските граѓани и во моментов вие како влада и како министер раководите. Значи министерот за финансии нема ексклузивно право на вас да ви каже да, господине министре, фондот оваа година ќе добие 250 илјади евра, а со 250 илјади можете да се сликате, не можете еден филм да снимате. Како парадигма на ваквата работа, една ваква слична полемика видов на Хрватската телевизија, која ја води Александар Станковиќ, а се вика "Недољом у 14.00". Карши него седнал некој режисер кој потрошил од хрватскиот фонд 15 или 20 милиони куни, а не успеал 10% од парите да ги врати во тој ист фонд.

На човек како примери ви ги посочувам за да утре кога ќе седнете да го работите Буџетот, министерот за финансии да го одврзе кесето и таму каде имате сериозни филмски проекти кои можат да ја афирмираат и нацијата и државата да се плати, без да се жали. Такви режисери имаме како Милчо Манчевски, тој е прашка школа, значи , имаме луѓе кои можат да ја афирмираат државата. Мора да им се даде финансиска поткрепа.

Јас многу не верувам во она што го имате наведено во членот 7 дека надоместокот од 2% од прометот остварен со продажба на кино-билети, еве ќе ви кажам министре, јас не знам во Скопје освен кино "Милениум" и тоа кога ќе дојде некој филмски хит, друго кино да работи, верувајте. Растен сум во Чаир во едно скопско маало, периферно, кое си имаше сопствено кино кое се викаше "Бутел", кое секојдневно имаше невидена гледаност, но тоа се минати времиња. Исто и "26-ти Јули" на Бит Пазар, ние таму гравитиравме, па таму одевме да гледаме, бидејќи даваа по интересни филмови за нас момчиња во пубертетски години. Говорам за еден минат период.

Не знам зошто овде стои надоместок од 2% од продадени кино-билети. Тоа е една минорна сума, верувајте, јас не знам другите кина низ државата како работат, но денеска во ерата на ЦД-иња, во ерата она што значи јапонска технологија, никој не оди во кино. И овие 2%, верувајте, отпишете ги на старт. Тоа е нешто многу мало, многу минорно, многу беззначајно.

Уште една работа надоместок од 2% од вршење на дејност изнајмување филмови. Ова го подразбирам како видеотеки и ЦД-теки. Дали на тоа мислевете? Филмот ќе се сними, ќе се издаде и она што значи гледаност да се земе 2%. Од 100 денари 2% е 2 денари. Исто така една многу мала сума која не може да ја пополни дупката и намерата со која денеска е дадено ова писание пред нас, а верувам во добрите и искрени намери.

Сакам да викажам следно, базирајте се само на Буџетот на Република Македонија, можеби и на некој странски донатор или Македонци од надвор кои ќе сакаат да донираат за да се пренесе она што значи наш историски, генетски и не знам каков македонски код.

Во членот 9 кој е многу интересен, тука навистина барам да ми објасните некои работи, оти јас работите ги разбирам онака како што се напишани, не сакам да читам меѓу редови.

Во членот 9, точка 1 стои: средствата на Фондот се користат за финансирање на филмски проекти што се од национален интерес за Република Македонија. Јас под национален интерес подразбирам, министре, она што значи македонски интерес. Се знае кој ја правеше државата, кој е стожер и носител и кој подметна плеќи наназад низ вековите, јас за тоа говорам.

Јас ви велам ги читам работите онака како што се и така ги разбирам. Не сакам да филозофирам. Кога ќе кажете национален интерес подразбирам македонски интерес.

Значи, ако дојде некој со одредена идеа, зад него стои или пишано сценарио, зад него стои добар режисер со светско реноме, не мора да биде Македонец, но сака да сними за Македонија и дојде со еден работен наслов, со една папка од 200-300 страници со специјалното сценарио, а филмот, еве работната верзија се вика "Вистината за Македонија во 2001 година". Што вие во таква ситуација ќе направите да изнесе вистински примери се она што се случувало, која е вистинската вистина, а не тафтологија, вистинската вистина, не случајно спомнав, дали вие нема да дојдете во судир со Уставот на Република Македонија и со Охридскиот рамковен договор, а пред се со Уставот кој не дозволува меѓусебни, да не кажам, македонски јадења меѓу себе, колвања. Што во една таква дадена ситуација, што вие би направиле? Дали би одвоиле средства за да се реализира таа вистинска вистина што се случуваше 2001 година во Република Македонија? Што значи, говорам за многу битни работи кои треба да ги имате во предвид, а можеби нема да ви дојде никој затоа што ќе знае дека нема да добие пари.

Наравоучени: се ќе биде добро до дадениот момент додека не се чепна во одредени нерви. Не сакам ова писание да го политизирам, но, за жал, сите работи се поставени во нашата мила Македонија некако обратно, сите како да дубиме на глава. По она народната " угоре високо , удолу длабоко" нон-стоп ја говорам, една работа која утре може секој да ја исполитизира, за жал, јас не сакам. Но, сметам дека овие мои видувања морам да ви ги кажам, можеби ќе се судрите, можеби не вие, можеби идниот министер, за да не оставите некое лошо наследство зад вас, нека ве паметат по добри дела, нека ве паметат по нешто што ќе остане трајно и да живее за да ја афирмира и нацијата, по петти пат ќе кажам, и македонската држава.

Членот 10 - надлежности на Фондот, во 14 точки ги имате набројано кои се надлежностите на Фондот, мислам дека некои интересни работи овде се случуваат, можете да објасните, а не морате ако не сакате, Фондот ги врши следните работи: предлага на министерот за култура мерила и критериуми за да дојдат средства во Република Македонија за финансирање на филмски проекти и т.н. и т.н. и овој член 10 е во директна спрега со членот 12.

Зошто ова го велам министре? Затоа што се плашам ако не вие некој друг кога ќе го правите тој управен одбор да не ви извршат притисок да ставате партиски кадри. Тоа е стравот. Утре, ако дојде некоја друга влада, па да става свои партиски кадри. До каде ќе стигне македонската култура и македонската уметност, на крај и она што е наша заедничка желба да се афирмира оваа држава, а реков како може да се афирмира, преку култура и преку спорт, трета алтернатива за нас Македонците, не постои. Тука ја ставам и науката, апсолутно. Ниту сме силни финансиски , ниту војнички, ниту моќни. Единствен излез кон светот или прозорец кон светот, ако може така да се крсти, се овие работи. Културата која е многу битна, затоа што останува низ вековите, низ милениумите наназад, како што останале и пред нас.

Членот 13-претседател и членови на управниот одбор на фондот ги именува и разрешува министерот за култура од стручни и компетентни лица. Говорев што значи стручност, што значи компетентност во македонскиот случај. Тоа значи добар партиски војник. Утре со некоја друга Влада повтроно добар партиски војник. Ако избегнете од тој стереотип, тоа е доблест, ако не можете, не ве окривувам вас, имало некој над вас кој максимално ве притискал и ви наредил вака да работите како и што ќе се работи во втората и во третата фаза и да бидеме здрави и живи ќе бидеме сведоци кои се луѓе ќе бидат инволвирани во овие дејанија овде. Се плашам да не се оди по партиска директива и се постават исклучиво членови на СДСМ кое апсолутно ќе нема допирна точка или ќе имаат многу мала допирна точка со управниот одбор кој е главен двигател на сето она што ќе се случува.

Првиот момент, финансирањето го апсолвиравме, вториот момент, луѓето кои ќе одлучуваат каде ќе одат парите мора да се стручни и компетентни, чесни, непартиски, па на крај и ако е партиец барем да е квалитетен, но да не гледа во режисерите кои ќе доаѓаат или во луѓето кои ќе дојдат одредени проекти партиски војници на спротивната страна, па да не им дадат пари и покрај добриот проект што ќе го понуди. На пример за одреден документарен, игран филм или незнам каков. Тоа се проблеми со кои многу брзо ќе се судрите, не случајно ги говорам овие работи. Затоа што сум сводок низ овие 10 години колку сум во Парламентот што навистина се случувало, какви небулози се случувале, тоа е човек просто да се чуди, верувајте.

Членот 20 за кој веќе говорев во глава 5-финансирање на филмски проекти од национален интерес. Повторно ќе ве прашам министре за мене ви кажав што значи национален интерес, вие ми рековте дека национален интерес значи државен интерес, можеби значи државен интерес, но притоа да не се запостави сопствената македонска кауза затоа што оваа држава, се знае, кој ја правел, кој ја носел на грб, кој ја создаде, кој ја изнедри, кој пишуваше, кој пееше за оваа македонска држава и во минатото и сега.

Јас толку би имал да кажам, не би сакал да ви одземам повеќе време, сметам дека ова што го говорев ќе го сватите како добронамерно, мојот говор немаше тенденција да критизирам некого ниту да омаловажам, туку да ги поставам како прашања, како размислувања, како недоумица со што можете да се судрите, а ние како Парламент овде да ви помогнеме ако вистински размислувате за афирмација на македонската

држава, на македонската кауза и сето она што значи наше македонско културно наследство притоа да се опфатат делови од луѓето кои не се Македонци, а дале нешто за оваа македонска држава. Тоа треба да го видиме кои се тие луѓе, дали се многубројни, малубројни или ги има или ги нема, нанеле повеќе зло отколку добро, времето ќе каже, а вие како министер и управниот одбор кој ќе го формирате ќе бидете фактички луѓе кои ќе одлучувате, кои ќе го корите оделото, затоа што ножиците се кај вас, власта е кај вас, вие одлучувате, вие решавате, но се надевам во полза на оваа држава и пред се во полза на македонскиот етникум и македонската кауза. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Момент, има кој да раководи со седницата.

Со оглед на тоа што за време на дискусијата на господинот Флоровски се пријави господинот Караџоски, па да прашам дали сте за реплика, ова е само проверка, или за дискусија? За дискусија.

Господине Трендафилов, реплика или дискусија? И реплика и дискусија. Во ред.

Господине Шајноски вие за реплика? За дискусија.

Господинот Мавровски изгледа си замина.

Госпоѓа Којзеклиска и таа изгледа си замина.

Господине Дојчиновски, процедурално.

Господине Краљевски, процедурално.

Сега вака, имаме 5 дискутанти, двајца за процедурално, имаме две реплики, работиме цел ден, со оглед на тоа што имаме поголем број на дискутанти, ве молам за тишина, се разбира, ќе работиме уште еден ден, ќе потрошиме за уште едно филмско сценарио средства од овој Парламент.

Денес, по барање на господинот Краљевски, заради нивни партиски работи, известен сум, а со оглед на тоа што сите пријавени се од неговата пратеничка група ВМРО-Народна партија, овде ја прекинувам седницата, дополнително ќе бидете известени за продолжението на седницата.

(Седницата прекина со работа во 17,18 часот)